# СОУ Гимназија „Добри Даскалов“
# Кавадарци

## Годишен извештај за воспитно-образовната работа на училиштето за учебната 2018/2019 година



Кавадарци, август 2019 година

# Содржина

Вовед........................................ 3

Наставници кои ја реализираа воспитно-образовната работа во учебната 2018/2019 година ............... 8

Раководен кадар, стручни соработници, наставници ........................................ 8

Уписи во I година ........................................ 12

Анализа на успехот, редовноста и поведението на учениците на крајот на учебната 2018/2019 год .. 15

Државна матура 2019 ........................................ 37

Интерен дел........................................ 42

Реализирани активности во текот на учебната 2018/2019 година ........................................ 44

ПРИЛОЗИ ........................................ 78

Ментори на проектни активности и слободни часови ........................................ 78

Раководители на паралелките ........................................ 80

Стручни активи и одговорни наставници ........................................ 81

Реализација на настава ........................................ 83

Дополнителна настава ........................................ 84

Додатна настава........................................ 86

Ученици со учества и освоени награди од натпревари во учебната 2018/2019 ........................................ 88

Ученици со над 10 неоправдани изостаноци ........................................ 110

Ученици со над 100 оправдани изостаноци........................................ 112

Ученици без изостаноци ........................................ 115

Ученици со Одличен успех (со просек 5.00) ........................................ 116

# Вовед

Годишниот извештај за работата на СОУ Гимназија „Добри Даскалов” Кавадарци за учебната 2018/2019 година е синтетизиран приказ на постигањата на учениците, извршените работи и работни задачи на наставниците, стручната служба и раководниот тим.

Тој ги опфаќа реализираните активности планирани во Годишната програма на училиштето, како и вон-програмските активности иницирани од МОН, БРО, Локалната самоуправа, раководниот тим на училиштето, стручните соработници, одделни наставници и Ученичката заедница. Со нивниот приказ се согледуваат реалните постигања на учениците, на наставниците и на училиштето во целост и произлегуваат предлог мерките за подобрување на истите.

Содржините, резултатите и активностите изнесени во извештајот се темелат врз показатели и податоци од:

- Извештаи од раководителите на паралелките;
- Извештаи од наставниците;
- Извештаи од стручните соработници;
- Записници и извештаи од стручните активи;
- Извештаи од раководниот тим.

Во реализацијата на програмата за работење на училиштето, активно учество земаа наставниците, учениците и родителите, а свој придонес со учество дадоа и голем број надворешни соработници од заедницата, соработници од универзитети, од многу основни и средни училишта во регионот, државата и надвор од неа, невладини организации.

Извештајот содржи бројни споредби на успехот на паралелките во однос на самите себе, споредби на изостанувањата, на поведениeто.

Согласно Календарот за работа во јавните средни училишта, наставната година започна на 3 септември 2018 година со сите претходно реализирани неопходни активности за успешно и нормално одвивање на воспитно-образовниот процес. Согласно законските одредби во текот на наставната година во целост се реализирани наставните денови.

Навремено беа изготвени сите потребни документи за успешно организирање на воспитно-образовниот процес:

- Годишна програма за работењето на училиштето,
- Распределба на задолжителните часови, проектните активности и слободните часови по предметни наставници,
- Распоред на наставниците по класови, денови и часови,
- Распоред за дополнителна и додатна настава,
- Дополнителен распоред за изборните предмети и странските јазици (простор на одржување),
- Дополнителна педагошка документација (папки за евидентирање на часовите по изборните предмети).

Сите наставници навремено ги доставија своите планирања, годишен глобален план и тематски распределенија. Во својата лична евиденција, на електронски медиум, наставниците ги имаат изготвено критериумите за оценување, дневните подготовки, планот за дополнителна и додатна настава, како и други е-материјали потребни за реализација на наставниот час (презентации, тестови и сл.).

Во предвидениот рок, наставниците – ментори на проектни активности и слободни часови, навремено доставија програма за работа на проектните активности и слободните часови и истата квалитетно започнаа да ја реализираат.

Директорот и стручната служба континуирано ја следеа работата на наставниците со проверка на педагошката документација на сите наставници, посета на реализација на наставни часови кај поголем број на наставници во сите паралелки.

Пред почетокот на учебната година беа направени сите неопходни активности за одржување на училиштето и училишниот двор:

- Варосување и целосно чистење од страна на помошно-техничкиот персонал,
- Дезинфекција, дезинсекција и дератизација на училишниот простор,
- Санитарен преглед за сите вработени во училиштето,
- Систематски прегледи за сите вработени во училиштето.

Во месец декември 2018 година се направи реновирање на кино-салата на училиштето со промена на дел од подот со ламинат, поставување нови столчиња, глетовани ѕидови, ново осветлување, ролетни, вариолајт завеси и ново озвучување, како и реновирање на подот со ламинат и поставување вариолајт завеси во канцелариите на психологот и педагогот.

Во текот на летниот распуст се направи целосно реновирање на таванот во тоалетите за учениците, како и поставување (замена) на нови врати во соблекувалните за учениците по спорт и спортски активности.

Уште во текот на првата недела од месец септември 2018 година на сите ученици по паралелки и години им беа поделени:

- Бесплатните учебници од проектот на Владата на Р. Македонија и Министерството за образование и наука,
- Ученичките книшки за учениците од прва година,
- Флаери за кодексот на однесување во училиштето,
- Флаери за термини и рокови за Државна матура за учениците од IV година.

Уписите за учениците во I година, за учебната 2018/2019 поминаа во добра организација и со задоволителни резултати. Интересот за учење во нашето училиште беше голем, но се запишаа ученици само по условите предвидени со објавениот конкурс, 205 ученика, во 7 паралелки, од кои 5 гимназиски паралелки и 2 стручни паралелки од економско-правна и трговска струка, по 1 паралелка за економски техничар и 1 паралелка за правен техничар. Од нив 136 постигнале одличен успех, 65 многу добар успех и 4 ученици постигнале добар успех во завршаната година од основното училиште.

За полагање на Државна матура се пријавија и положија вкупно 182 ученика, 7 ученици пријавија и положија Училишна матура и 7 ученици пријавија и положија Завршен испит.

Учениците-матуранти согласно насоките од Правилникот за полагање Државна матура во предвидениот рок избраа предмет и тема за изработка на проектна задача и ги пополнија пријавите и потврдите за полагање на екстерните и интерните испити.

Училишната матурска комисија (УМК) ги спроведе сите потребни активности за писмено и електронско пријавување на кандидатите во базата на податоци на Државниот испитен центар (ДИЦ).

Реализацијата на наставниот материјал се одвиваше според претходно изготвените и планирани распределенија на наставниците. Предвидениот фонд на часови е, исто така, реализиран според годишното планирање. Сите ученици, во сите квалификациони периоди во учебната 2018/2019 година беа навремено оценети по сите наставни предмети. Според покажаниот успех сите ученици ја завршија годината. Два ученика беа упатени на испит на годината и истите во предвидениот рок ја завршија оваа учебна година. Нема ученици кои ќе ја повторуваат годината.

Раководниот орган и стручната служба направија увид во сите дневници на паралелките и констатираа дека педагошката евиденција се води уредно.

На крајот од учебната година постигнат е просечен успех 4,25 на ниво на училиште. Просечниот број изостанувања на ниво на училиште изнесува 54,37 и е повеќе за 0,82 % од минатата учебна година.

На ниво на години највисок просечен успех имаат учениците од IV (четврта) година 4,30, потоа учениците од II (втора) година 4,24, па учениците од III (трета) година 4,23 и на крај учениците од I (прва) година 4,21.

На ниво на паралелки највисок просек имаат учениците од II-2 клас 4,88, а најнизок просек имаат учениците од II-7 клас 3,49.

И оваа учебна година нашите ученици земаа масовно учество на сите натпревари, училишни активности, вонnаставни активности, одбележувања на значајни датуми. Резултатите што ги постигнаа се вредни за почит и уште еднаш го потврдуваат неизмерниот потенцијал што постои во нашите ученици и професионалниот и стручен наставен кадар.

- Дарко Стојчев – освоен Бронзен медал на 15. Меѓународна јуниорска олимпијада по природни науки која се одржа во Габороне, Боцвана, Јужна Африка,
- Дарко Стојчев – освоено I (прво) место на Државен натпревар по хемија кој се одржа во Скопје,
- Дарко Стојчев – освоено I (прво) место на Државен натпревар по физика кој се одржа во Скопје,
- Живко Стоимчев – освоено I (прво) место на Државен натпревар по германски јазик кој се одржа во Скопје,
- Михаела Темелкова – освоено III (трето) место на Државен натпревар по германски јазик кој се одржа во Скопје,
- Цветанка Пасинечка – освоено III (трето) место на Државен натпревар по математика кој се одржа во Скопје,

- Дарко Стојчев – освоена 2 награда на Државен натпревар по биологија кој се одржа во Скопје,
- Михаела Темелкова – освоена 2 награда на Државен натпревар по биологија кој се одржа во Скопје,
- Благој Трајков – освоена 2 награда на Државен натпревар по биологија кој се одржа во Скопје,
- Македонка Бинова – освоена 2 награда на Државен натпревар по биологија кој се одржа во Скопје,
- Павлинка Ташева – освоена 2 награда на Државен натпревар по биологија кој се одржа во Скопје,
- Стефан Ефтимов – освоено III (трето) место на Државен натпревар по роботика Robomac Junior кој се одржа во Скопје,
- Магдалена Сирмева – освоено III (трето) место на Државен натпревар „Лидер во струка“ кој се одржа во Куманово,
- Владанка Аврамова – освоено I (прво) место на Државен натпревар во Карате-ката кој се одржа во Скопје,
- Миа Маневска – освоено III (трето) место на Државен натпревар во Карате-ката кој се одржа во Скопје.

Континуирано Дневникот на паралелката задолжително се водеше и во електронска форма (Е-дневник) преку веб апликација која ја администрира Министерството за образование и наука, како  и училишниот администратор.

Официјалната веб страна на училиштето www.dobridaskalov.edu.mk постојано се ажурираше со квалитетни содржини од активности на учениците и наставниците, важни публикации, документи, слики, видео-материјали, содржини на Moodle, соопштенија и сл.

Истата, во месец август 2019 година доби нов изглед и уредување од страна на двајца наши ученика, Блаже Бањански од 2-2 клас и Андреј Пејовски од 2-2 клас.

Учениците од стручното образование, од економско-правна и трговска струка, со профилите економски техничар и правен техничар, реализираа дел од практичната настава надвор од училиштето, односно во други институции, согласно нивните годишни планирања.

Директорката на училиштето во месец август 2019 година ги награди најдобрите ученици – матуранти од секоја паралелка по еден ученик по претходен предлог на класните раководители со книга и диплома. Тоа се учениците: Милан Ангелов од 4-1 клас, Стефан Попов од 4-2 клас, Марија Трајкова од 4-3 клас, Александра Кадрова од 4-4 клас, Јован Камчев од 4-5 клас, Тамара Димковска од 4-6 клас и Ивана Глигорова од 4-7 клас.

Исто така, директорката на училиштето ги награди и двете ученички со книга и диплома кои постигнаа највисок перцентилен ранг на Државна матура. Тоа се ученичките: Љубица Петревска од 4-1 клас и Павлинка Ташева од 4-4 клас. и Овие ученици се меѓу десетте најдобри ученици, со најдобар резултат на ниво на државата.

Наставната година заврши на 10 јуни 2019 година, освен за учениците од завршната година за кои редовната настава заврши на 17 мај 2019 година.

Извештајот со содржината покажува дека Годишната програма е речиси во целост реализирана. И оваа учебна година беа спроведени и реализирани и некои други проекти и активности кои што претходно не беа планирани со програмата. Значителен број активности и задачи се реализирани и извршени со потребниот квалитет и постигнати се поставените и очекуваните цели.

## Наставници кои ја реализираа воспитно-образовната работа во учебната 2018/2019 година

**Раководен кадар, стручни соработници, наставници**

**Раководен кадар:**
Директор: Невенка Поп-Ангелова, дипломиран математичар-информатичар
Помошник директор: Александра Ристова, дипломиран правник

**Стручни соработници:**
Училиштен психолог: Душанка Иванова, дипломиран психолог
Училиштен педагог: Јасминка Ризова, дипломиран педагог
Библиотекар: Александар Јорданов, дипломиран професор по општонародна одбрана.

Табела 1: Наставници кои ја реализираа воспитно-образовната работа

| Р.б. | Презиме и име на Наставникот | Образование | Предмет кој го предава | Бр. на наст. часови |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Манева Катица | Проф.по истор. на книжев. на народ.на СФРЈ со македонски јазик | Македонски јазик и литература | 21 |
| 2. | Еленова Гордана | Проф.по истор.на книжев.на народ. на СФРЈ со македонски јазик | Македонски јазик и литература | 21 |
| 3. | Јосифова Ристенка | Проф.по истор.на книжев.на народ. на СФРЈ со макед. јазик | Македонски јазик и литература | 21 |
| 4. | Прокопов Костадин | Проф. по македонска книжев. и јужнослов. книжев. со макед. јазик | Македонски јазик и литература, Говорење и пишување | 21 |
| 5. | Кочов Кочо | Проф. по македонска книжев. и јужнослов. Книжевности | Македонски јазик и литература | 21 |
| 6. | Петкова Васка | Проф. по македонски јазик и книжевност | Македонски јазик и литература, Говорење и пишување | 12 |
| 7. | Петкова Силвана | Професор по математика | Математика | 21 |
| 8. | Попова Соња | Професор по математика | Математика, Математичка анализа | 22 |
| 9. | Дичова Лилјана | Професор по математика | Математика, Математика за економисти, Линеарна алгебра и аналитичка геометрија | 20 |

| Р.б. | Презиме и име на Наставникот | Образование | Предмет кој го предава | Бр. на наст. часови |
|---|---|---|---|---|
| 10. | Сирмевска Нада | Професор по математика | Математика, Математика за економисти, Алгебра | 9 |
| 11. | Илова Фиданка | Професор по математика | Математика | 21 |
| 12. | Ристова Андосија<br>Од 03.09.2018 до 23.01.2019 година | Дипломиран математичар/ применета насока | Информатика | 20 |
| 13. | Милевски Зоран | Магистер по компјутерски науки;<br>Дипломиран професор по информатика;<br>Дипломиран инженер по информатика; | Информатика, Информатичка технологија, Програмски јазици | 21 |
| 14. | Лазова Благородна | Дипломиран инженер по електротехника | Информатика, Информатичка технологија, Програмски јазици | 21 |
| 15. | Лалкова Донка<br>Од 03.09.2018 до 24.12.2018 година | Проф. по англиски ј. и книжевност | Англиски јазик | 21 |
| 16. | Трајкова Роска | Проф. по англиски ј. и книжевност | Англиски јазик | 21 |
| 17. | Анѓушева-Чаушева Ленча | Проф. по англиски ј. и книжевност | Англиски јазик | 22 |
| 18. | Петреска Александра | Проф. по англиски ј. и книжевност | Англиски јазик | 22 |
| 19. | Чулева Јасмина<br>Од 28.01.2019 година | Проф. по англиски ј. и книжевност | Англиски јазик | 21 |
| 20. | Несторова-Мицев Светлана | Проф. по француски ј. и книжевност | Француски јазик | 14 |
| 21. | Косовска Христинка | Дипломиран класичен филолог | Латински јазик | 6 |
| 22. | Алтанџиев Марјан | Дипломиран класичен филолог | Латински јазик | 4 |
| 23. | Костова Анастазија | Проф. по германски ј. и книжевност | Германски јазик | 21 |
| 24. | Таневска Васка | Проф. по германски ј. и книжевност | Германски јазик | 21 |
| 25. | Спанџева Софија | Проф. по германски ј. и книжевност | Германски јазик | 8 |
| 26. | Крстева Кристина | Дипломиран проф. по физика | Физика | 19 |

| Р.б. | Презиме и име на Наставникот | Образование | Предмет кој го предава | Бр. на наст. часови |
|---|---|---|---|---|
| 27. | Атанасов Живко | Дипломиран проф. по физика | Физика | 20 |
| 28. | Стојанов Ристе | Дипломиран проф. по физика | Физика | 6 |
| 29. | Коцева Богде | Дипломиран биолог | Биологија | 23 |
| 30. | Иговска Елизабета | Дипломиран биолог | Биологија | 23 |
| 31. | Пецова Даница | Дипломиран професор по хемија | Хемија | 21 |
| 32. | Убавкова Магдалена | Дипломиран инженер по хемија | Хемија | 21 |
| 33. | Димитрова Валентина | Дипломиран проф. по географија | Географија | 21 |
| 34. | Чејков Фердинанд | Дипломиран проф. по географија | Географија, Економска географија | 9 |
| 35. | Пановски Горан | Проф. по историја | Историја | 21 |
| 36. | Матакова Наташа | Дипломиран проф. по историја | Историја, Историја на Македонија | 21 |
| 37. | Камчевски Мики | Дипломиран проф. по историја | Историја | 6 |
| 38. | Бошкова Елизабета | Проф. по филозофија | Филозофија, Етика, Логика | 22 |
| 39. | Миовски Игор | Проф. по филозофија | Филозофија изб., Логика, Етика | 4 |
| 40. | Иванова Душанка | Дипломиран психолог | Психологија, Деловна психологија | 2 |
| 41. | Ризова Јасминка | Дипломиран педагог | Педагогија | 2 |
| 42. | Попов Славе | Дипломиран социолог | Социологија | 21 |
| 43. | Амишева Александра | Дипломиран социолог | Социологија | 14 |
| 44. | Митрова Радица Од 03.09.2018 до 03.12.2018 година | Дипломиран социолог | Социологија | 14 |
| 45. | Клинчаров Блашко | Дипломиран професор по физичка култура | Спорт и спортски активности | 21 |
| 46. | Пецов Тимче | Дипломиран професор по физичка култура | Спорт и спортски активности | 20 |

| Р.б. | Презиме и име на Наставникот | Образование | Предмет кој го предава | Бр. на наст. часови |
|---|---|---|---|---|
| 47. | Шиков Илија | Дипломиран професор по физичка култура | Спорт и спортски активности | 21 |
| 48. | Велков Ѓорѓи | Дипломиран професор по физичка култура | Спорт и спортски активности | 20 |
| 49. | Вељковиќ Драган | Дипломиран музичар теоретичар – педагог | Музичка уметност | 21 |
| 50. | Кеков Ванчо | Дипломиран професор по ликовна уметност и графика | Ликовна уметност | 20 |
| 51. | Тодоровски Трајче | Дипломиран економист | Економски предмети | 20 |
| 52. | Давчева Лоска | Дипломиран економист | Економски предмети | 23 |
| 53. | Петров Костадинчо | Дипломиран економист | Економски предмети | 21 |
| 54. | Делова Жанета | Дипломиран економист | Економски предмети | 20 |
| 55. | Станоевска Љубица | Дипломиран правник | Правни предмети | 20 |
| 56. | Стојанова Слободанка | Дипломиран правник | Правни предмети | 22 |
| 57. | Александра Ристова | Дипломиран правник | Правни предмети | 13 |
| 58. | Ралевска Татјана | Дипломиран правник | Правни предмети | 21 |

## Уписи во I година

Уписите за учениците во I (прва) година, за учебната 2018/2019 година се навремено организирани и спроведени и добиени се задоволителни резултати. Запишани се вкупно 205 ученици во 7 паралелки, со 5 гимназиски паралелки и 2 стручни паралелки од економско-правна и трговска струка, по 1 паралелка за економски техничар и 1 паралелка за правен техничар.

Интересот и оваа година беше на задоволително ниво. Од други населени места запишани се вкупно 39 ученици, и тоа: 1 ученик од Демир Капија, 1 ученик од Виница, 1 ученик од Богданци, 9 ученици од Неготино, 4 ученици од Ваташа, 2 ученика од Марена, 1 ученик од Дреново, 1 ученик од Сопот, 9 ученици од Возарци и 10 ученици од Росоман.

Во гимназиско образование се запишале вкупно 152 ученици, од кои 64 машки и 88 женски. Во стручното образование во економско-правна и трговска струка се запишале вкупно 53 ученици, од кои за правен техничар 4 машки и 21 женски, и за економски техничар 11 машки и 17 женски. По однос на полот запишани се вкупно 79 машки и 126 женски ученици.

Табела 1: Преглед на учениците по пол

| Пол | Гимназиско образование | Стручно образование | | ВКУПЕН број на ученици |
|---|---|---|---|---|
| | | Правен техничар | Економски техничар | |
| Машки | 64 | 4 | 11 | **79** |
| Женски | 88 | 21 | 17 | **126** |

Успехот што го постигнале во основно училиште е следниот:

Табела 2: Успех од VI до IX одделение

| Успех од VI до IX одделение | Гимназиско образование | Стручно образование | | ВКУПЕН број на ученици |
|---|---|---|---|---|
| | | Правен техничар | Економски техничар | |
| Со просек 5.00 | 24 | 2 | 0 | **26** |
| Одлични | 87 | 10 | 13 | **110** |
| Мн. Добри | 39 | 13 | 13 | **65** |
| Добри | 2 | 0 | 2 | **4** |

Просечниот успех на учениците во основните училишта е следен:

Табела 3: Просечен успех

| Просечен успех од VI до IX одделение | Гимназиско образование | Стручно образование | | Вкупен просек |
|---|---|---|---|---|
| | | Правен техничар | Економски техничар | |
| | 4,65 | 4,36 | 4,26 | 4,56 |

Табела 4: Среден успех на ученици по училишта

| Успех од VI до IX одд. по училишта | Со просек 5.00 | Одлични | Мн. добри |
|---|---|---|---|
| Д. А. Габерот - Кавадарци | 3 + / + / | 17 + 3 + 2 | 7 + 2 + 2 |
| Д. А. Габерот - Ваташа | 1 + / + / | 1 + 1 + / | / + 1 + / |
| Гоце Делчев - Кавадарци | 7 + / + / | 17 + / + / | 10 + 1 + 1 |
| Гоце Делчев - Неготино | / + / + 1 | 1 + 1 + 3 | / + / + 2 |
| Пере Тошев - Росоман | 2 + / + / | 4 + / + / | 1 + / + 3 |
| Страшо Пинџур - Кавадарци | 2 + / + 1 | 9 + 1 + / | 4 + 1 + 1 |
| Страшо Пинџур - Неготино | / + / + / | 1 + / + / | / + / + / |
| Т. Х. Тефов - Кавадарци | 2 + / + / | 18 + 6 + 2 | 10 + 6 + / |
| Т. В. Пепето - Кавадарци | 7 + / + / | 18 + / + 2 | 7 + 2 + 4 |
| Петар Мусев - Богданци | / + / + / | / + 1 + / | / + / + / |
| Гоце Делчев - Виница | / + / + / | / + / + 1 | / + / + / |
| Д. А. Габерот - Демир Капија | / + / + / | 1 + / + / | / + / + / |

**Легенда:**
Гимназиско образование **+** економски техничар **+** правен техничар

Табела 5: Споредба на општиот успех на крајот од прва година со успехот од завршната година во основното училиште

| Успех | Успех во IX одд | | Успех на крај во I година | |
|---|---|---|---|---|
| Одлични | 136 | 66,34 % | 93 | 48,95 % |
| Мн.добри | 65 | 31,71 % | 61 | 32,10 % |
| Добри | 4 | 1,95% | 35 | 18,42 % |
| Доволни | 0 | 0 % | 1 | 0,53 % |
| **Вкупно ученици** | **205** | 100 % | **190** | **100 %** |

Табела 6: Преглед по јазици што ги изучувале учениците запишани во I година во учебната 2018/2019 година

| Странски јазик | Гимназиско образование | Стручно образование | | Вкупен број на ученици |
|---|---|---|---|---|
| | | Правен техничар | Економски техничар | |
| I Англиски јазик | 152 | 25 | 28 | 205 |
| II Германски јазик | 115 | 15 | 16 | 146 |
| II Француски јазик | 33 | 10 | 12 | 55 |
| II Руски јазик | 0 | 0 | 0 | 0 |
| II Италијански јазик | 4 | 0 | 0 | 4 |

Во гимназиското образование последниот рангиран ученик беше со вкупно 51,40 поени, во Економски техничар последниот рангиран ученик беше со вкупно 50,46 поени и во Правен техничар последниот рангиран ученик беше со вкупно 50,71 поени.

## Анализа на успехот, редовноста и поведението на учениците на крајот на учебната 2018/2019 година

### 1. Бројна состојба на учениците

Табела 1: Бројна состојба на учениците по години и пол

| Пол | I - прва година | II - втора година | III - трета година | IV - четврта година | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| **Машки** | 74 | 78 | 67 | 86 | **305** |
| **Женски** | 116 | 108 | 85 | 108 | **417** |
| Вкупно | **190** | **186** | **152** | **194** | **722** |

Табела 1.2: Бројна состојба на учениците по години и пол во гимназиското образование

| **Гимназиско образование** | **I - прва** | | **II - втора** | | **III - трета** | | **IV - четврта** | | **Вкупно** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **м** | **ж** | **м** | **ж** | **м** | **ж** | **м** | **ж** | **м** | **ж** |
| Број на ученици | 60 | 76 | 55 | 83 | 53 | 62 | 61 | 71 | 229 | 292 |
| Вкупно | **136** | | **138** | | **115** | | **132** | | **521** | |

Табела 1.3: Бројна состојба на учениците по години и пол во економско-правна и трговска струка

| **Економско-правна и трговска струка** | **I - прва** | | **II - втора** | | **III - трета** | | **IV - четврта** | | **Вкупно** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **м** | **ж** | **м** | **ж** | **м** | **ж** | **м** | **ж** | **м** | **ж** |
| Број на ученици | 14 | 40 | 23 | 25 | 14 | 23 | 25 | 37 | 76 | 125 |
| Вкупно | **54** | | **48** | | **37** | | **62** | | **201** | |

Гимназиско образование ------------------------ 136 + 138 + 115 + 132 = 521

Економско-правна и трговска струка ---------- 54 + 48 + 37 + 62 = 201

Вкупно ---------------------------------------------------- 190 + 186 + 152 + 194 = 722

Табела 1.4: Бројна состојба на учениците во гимназиско образование по изборни подрачја

| Р.бр. | Изборни подрачја | I година | II година | III година | IV година |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Општествено - хуманистичко А | 35 | 48 | 28 | 41 |
| 2. | Општествено - хуманистичко Б | / | / | 19 | / |
| 3. | Природно - математичко А | 60 | 51 | 32 | 28 |
| 4. | Природно - математичко Б | 41 | 39 | 36 | 63 |
| | **Вкупно** | **136** | **138** | **115** | **132** |

Табела 2: Бројна состојба на учениците по вид на образование

| **Гимназиско образование** | | | | **Стручно образование** | | | | | | | | | **Вкупно** | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Година** | **Изборни подрачја:** општествено-хуманистичко и природно-математичко | | | Економски техничар | | | Правен техничар | | | Економско, правна и трговска струка | | | Гимназиско и стручно образование | | |
| | **Вк.** | **М** | **Ж** | **Вк.** | **М** | **Ж** | **Вк.** | **М** | **Ж** | **Вк.** | **М** | **Ж** | **Вк.** | **М** | **Ж** |
| **I** | **136** | **60** | **76** | 33 | 12 | 21 | 21 | 2 | 19 | 54 | 14 | 40 | **190** | **74** | **116** |
| **II** | **138** | **55** | **83** | 22 | 16 | 6 | 26 | 7 | 19 | 48 | 23 | 25 | **186** | **78** | **108** |
| **III** | **115** | **53** | **62** | 18 | 6 | 12 | 19 | 8 | 11 | 37 | 14 | 23 | **152** | **67** | **85** |
| **ОХ-А** | 28 | 13 | 15 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | 28 | 13 | 15 |
| **ОХ-Б** | 19 | 9 | 10 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | 19 | 9 | 10 |
| **ПМ-А** | 32 | 15 | 17 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | 32 | 15 | 17 |
| **ПМ-Б** | 36 | 16 | 20 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | 36 | 16 | 20 |
| **IV** | **132** | **61** | **71** | 29 | 16 | 13 | 33 | 9 | 24 | 62 | 25 | 37 | **194** | **85** | **109** |
| **ОХ-А** | 41 | 14 | 27 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | 41 | 14 | 27 |
| **ПМ-А** | 28 | 19 | 9 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | 28 | 19 | 9 |
| **ПМ-Б** | 63 | 26 | 37 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | 63 | 26 | 37 |
| **Сè вкупно** | **521** | **229** | **292** | **102** | **50** | **52** | **99** | **26** | **73** | **201** | **76** | **125** | **722** | **305** | **417** |

Табела 3:  Ученици според припадност на етничката заедница по години

| Година | Македонци | | | Роми | | | Срби | | | Турци | | | Муслимани | | | Вкупно ученици | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | м | ж | вк. | м | ж | вк. | м | ж | вк. | м | ж | вк. | м | ж | вк. | м | ж | вк. |
| I | 72 | 116 | 188 | 1 | / | 1 | / | / | / | / | / | / | 1 | / | 1 | 74 | 116 | 190 |
| II | 77 | 107 | 184 | 1 | 1 | 2 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | 78 | 108 | 186 |
| III | 67 | 82 | 149 | / | 2 | 2 | / | / | / | / | 1 | 1 | / | / | / | 67 | 85 | 152 |
| IV | 84 | 106 | 190 | / | / | / | 1 | 2 | 3 | / | / | / | 1 | / | 1 | 86 | 108 | 194 |
| Вкупно | 300 | 411 | 711 | 2 | 3 | 5 | 1 | 2 | 3 | / | 1 | 1 | 2 | / | 2 | 305 | 417 | 722 |

Табела 4: Бројна состојба на учениците по години, паралелки, пол, изостаноци, просечен број изостаноци и просечен успех

| Клас | М | Ж | Вкупно | Оправ. | Неоп. | Вкупно изоста. | Пр.бр. изо. | Пр.бр. опр. | Пр.бр. нео. | Просе. успех |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **I-1** | 11 | 21 | 32 | 1264 | 87 | 1351 | 42,22 | 39,50 | 2,72 | 4,23 |
| **I-2** | 13 | 15 | 28 | 1364 | 79 | 1443 | 51,54 | 48,71 | 2,82 | 4,11 |
| **I-3** | 7 | 19 | 26 | 1160 | 61 | 1221 | 46,96 | 44,62 | 2,35 | 4,28 |
| **I-4** | 15 | 12 | 27 | 1360 | 69 | 1429 | 52,93 | 50,37 | 2,56 | **4,72** |
| **I-5** | 14 | 9 | 23 | 1266 | 94 | 1360 | 59,13 | 55,04 | 4,09 | 4,64 |
| **I-6** | 12 | 21 | 33 | 940 | 118 | 1058 | 32,06 | 28,48 | 3,58 | 3,51 |
| **I-7** | 2 | 19 | 21 | 749 | 53 | 802 | 38,19 | 35,67 | 2,52 | 3,98 |
| | **74** | **116** | **190** | **8103** | **561** | **8664** | 46,15 | 43,20 | 2,95 | **4,21** |
| **II-1** | 12 | 21 | 33 | 1262 | 224 | 1486 | 45,03 | 38,24 | 6,79 | 4,25 |
| **II-2** | 11 | 13 | 24 | 928 | 130 | 1058 | 44,08 | 38,67 | 5,42 | **4,88** |
| **II-3** | 9 | 16 | 25 | 559 | 35 | 594 | 23,76 | 22,36 | 1,40 | 4,62 |
| **II-4** | 10 | 19 | 29 | 1250 | 118 | 1368 | 47,17 | 43,10 | 4,07 | 4,08 |
| **II-5** | 13 | 14 | 27 | 866 | 78 | 944 | 34,96 | 32,07 | 2,89 | 4,84 |
| **II-6** | 16 | 6 | 22 | 1384 | 227 | 1611 | 73,23 | 62,91 | 10,32 | 3,53 |
| **II-7** | 7 | 19 | 26 | 1726 | 138 | 1864 | 71,69 | 66,38 | 5,31 | 3,49 |
| | **78** | **108** | **186** | **7975** | **950** | **8925** | 48,56 | 43,39 | 5,17 | **4,24** |
| **III-1** | 7 | 12 | 19 | 487 | 100 | 587 | 30,89 | 25,63 | 5,26 | 4,29 |
| **III-2** | 12 | 13 | 25 | 963 | 161 | 1124 | 44,96 | 38,52 | 6,44 | 4,28 |
| **III-3** | 12 | 10 | 22 | 947 | 127 | 974 | 44,27 | 43,05 | 5,77 | **4,51** |
| **III-4** | 10 | 14 | 24 | 928 | 132 | 1060 | 44,17 | 38,67 | 5,50 | 4,47 |
| **III-5** | 12 | 13 | 25 | 1565 | 101 | 1666 | 66,64 | 62,60 | 4,04 | 4,29 |
| **III-6** | 6 | 12 | 18 | 1349 | 95 | 1444 | 80,22 | 74,94 | 5,28 | 4,11 |
| **III-7** | 8 | 11 | 19 | 937 | 115 | 1052 | 55,37 | 49,32 | 6,05 | 3,69 |
| | **67** | **85** | **152** | **7176** | **831** | **7907** | 52,36 | 47,53 | 5,48 | **4,23** |
| **IV-1** | 14 | 12 | 26 | 2204 | 136 | 2340 | 90,00 | 84,77 | 5,23 | 4,12 |
| **IV-2** | 16 | 13 | 29 | 1567 | 159 | 1726 | 59,52 | 54,03 | 5,48 | 4,57 |
| **IV-3** | 12 | 15 | 27 | 1695 | 124 | 1819 | 67,37 | 62,78 | 4,59 | 4,26 |
| **IV-4** | 9 | 18 | 27 | 725 | 97 | 822 | 30,44 | 26,85 | 3,59 | 4,50 |
| **IV-5** | 10 | 13 | 23 | 1349 | 100 | 1449 | 63,00 | 58,65 | 4,35 | **4,60** |
| **IV-6** | 16 | 13 | 29 | 1976 | 187 | 2163 | 74,59 | 68,14 | 6,45 | 4,14 |
| **IV-7** | 9 | 24 | 33 | 3256 | 301 | 3557 | 107,79 | 98,67 | 9,12 | 3,91 |
| | **86** | **108** | **194** | **12 772** | **1104** | **13 876** | 70,39 | 64,84 | 5,55 | **4,30** |
| **Вкуп.** | **305** | **417** | **722** | **36 026** | **3446** | **39 372** | **54,37** | **49,74** | **4,79** | **4,25** |

Просечниот успех на ниво на училиште е 4,25.
Минатата година бил 4,16, а предминатата година бил 4,06.

Изминатите учебни години: (3,93), (3,98), (4,00), (4,03).

На ниво на години највисок просечен успех имаат учениците од IV (четврта) година 4,30, потоа учениците од II (втора) година 4,24, па учениците од III (трета) година 4,23 и учениците од I (прва) година 4,21.

На ниво на паралелки највисок просек имаат учениците од II-2 клас 4,88, а најнизок просек имаат учениците од II-7 клас 3,49.

Графикон 1: Споредба на просечниот успех во учебните 2016/17, 2017/18 и 2018/19 година



## 2. Успех на учениците

Табела 1: Преглед на просечниот училиштен успех на учениците по години и паралелки на крајот на учебната 2018/2019 година

| Клас | Просечен успех | Клас | Просечен успех |
|---|---|---|---|
| **I-1** | 4,23 | **II-1** | 4,25 |
| **I-2** | 4,11 | **II-2** | 4,88 |
| **I-3** | 4,28 | **II-3** | 4,62 |
| **I-4** | 4,72 | **II-4** | 4,08 |
| **I-5** | 4,64 | **II-5** | 4,84 |
| **I-6** | 3,51 | **II-6** | 3,53 |
| **I-7** | 3,98 | **II-7** | 3,49 |
| | **4,21** | | **4,24** |
| **Клас** | **Просечен успех** | **Клас** | **Просечен успех** |
| **III-1** | 4,29 | **IV-1** | 4,12 |
| **III-2** | 4,28 | **IV-2** | 4,57 |
| **III-3** | 4,51 | **IV-3** | 4,26 |
| **III-4** | 4,47 | **IV-4** | 4,50 |
| **III-5** | 4,29 | **IV-5** | 4,60 |
| **III-6** | 4,11 | **IV-6** | 4,14 |
| **III-7** | 3,69 | **IV-7** | 3,91 |
| | **4,23** | | **4,30** |
| **4,25** | | | |

Графикон 2: Просечен успех на паралелките на крајот на учебната 2018/2019 година



Табела 2: Успехот на учениците на крајот на учебната 2018/2019 година

| **Успех** | **Прва** | | **Втора** | | **Трета** | | **Четврта** | | **Вкупно** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Вкупно** | **%** | **Вкупно** | **%** | **Вкупно** | **%** | **Вкупно** | **%** | **Вкупно** | **%** |
| **Одлични** | 93 | **48,95** | 107 | **57,53** | 80 | **52,63** | 111 | **57,22** | **391** | **54,16** |
| **Мн.добри** | 61 | **32,10** | 39 | **20,97** | 38 | **25,00** | 41 | **21,13** | **179** | **24,79** |
| **Добри** | 35 | **18,42** | 36 | **19,35** | 26 | **17,11** | 33 | **17,01** | **130** | **18,00** |
| **Доволни** | 1 | **0,53** | 4 | **2,15** | 8 | **5,26** | 9 | **4,64** | **22** | **3,05** |
| **Вкупно** | 190 | **100** | 186 | **100** | 152 | **100** | 194 | **100** | **722** | **100** |
| **Вкупно ученици** | **190** | | **186** | | **152** | | **194** | | **722** | |

Најголем процент од учениците 54,16 % имаат Одличен успех, Многу добар успех имаат 24,79 % од учениците, Добар успех имаат 18,00 % од учениците и Доволен успех имаат 3,05 % од учениците.

Графикон 3: Општиот успех во учебната 2018/2019 година



Табела 3:  Успех на учениците по пол на крајот на учебните 2017/2018 и 2018/2019 година

| Успех | 2017/2018 година | | | | | | 2018/2019 година | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **М** | **%** | **Ж** | **%** | **Вкупно** | **%** | **М** | **%** | **Ж** | **%** | **Вкупно** | **%** |
| **Одлични** | 132 | **43,28** | 265 | **59,15** | **397** | **52,72** | 142 | **46,56** | 249 | **59,71** | **391** | **54,16** |
| **Многу добри** | 69 | **22,62** | 104 | **23,21** | **173** | **22,98** | 74 | **24,26** | 105 | **25,18** | **179** | **24,79** |
| **Добри** | 88 | **28,85** | 69 | **15,41** | **153** | **20,32** | 68 | **22,29** | 62 | **14,87** | **130** | **18,00** |
| **Доволни** | 16 | **5,25** | 10 | **2,23** | **22** | **2,92** | 21 | **6,89** | 1 | **0,24** | **22** | **3,05** |
| **Вкупно** | **305** | | **448** | | **753** | | **305** | | **417** | | **722** | |

Во однос на полот најголем процент од женските ученици, 59,71 % имаат Одличен успех, додека од машките ученици најголем процент 46,56 % имаат Одличен успех.

Графикон 4: Споредба на успехот по пол на крајот од наставната 2018/2019 година



Табела 3.1: Успех на учениците по пол и години на крајот на учебната 2018/2019 година

| Успех | Прва | | | Втора | | | Трета | | | Четврта | | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | м | ж | Вк. | м | ж | Вк. | м | ж | Вк. | м | ж | Вк. | Вкупно | % |
| **Одлични** | 38 | 55 | **93** | 42 | 65 | **107** | 24 | 56 | **80** | 38 | 73 | **111** | **391** | **54,16** |
| **Мн.добри** | 25 | 36 | **61** | 18 | 21 | **39** | 15 | 23 | **38** | 17 | 24 | **41** | **179** | **24,79** |
| **Добри** | 12 | 23 | **35** | 14 | 22 | **36** | 20 | 6 | **26** | 22 | 11 | **33** | **130** | **18,00** |
| **Доволни** | / | 1 | **1** | 4 | / | **4** | 8 | / | **8** | 9 | / | **9** | **22** | **3,05** |
| **Вкупно** | **75** | **115** | **190** | **78** | **108** | **186** | **67** | **85** | **152** | **86** | **108** | **194** | **722** | **100** |
| **Вкупно** | **74** | **116** | **190** | **78** | **108** | **186** | **67** | **85** | **152** | **86** | **108** | **194** | **722** | **100** |

Табела 4:  Успехот на учениците од прва година по паралелки и предмети

| **Р.б.** | **Предмети** | **I-1** | **I-2** | **I-3** | **I-4** | **I-5** | **I-6** | **I-7** | **Просек по предмет** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Македонски јазик и литература | 4,28 | 3,86 | 4,15 | 4,93 | 4,86 | 3,96 | 4,00 | 4,29 |
| 2. | Математика | 3,71 | 3,5 | 3,65 | 4,41 | 4,26 | 2,93 | 3,33 | 3,68 |
| 3. | Англиски прв јазик | 4,12 | 4,29 | 4,11 | 4,74 | 4,95 | 3,30 | 3,81 | 4,19 |
| 4. | Германски втор јазик | / | 3,86 | 3,92 | 4,41 | 4,34 | 2,94 | 3,30 | 3,80 |
| 5. | Француски втор јазик | 3,68 | / | / | / | / | 3,13 | 4,12 | 3,64 |
| 6. | Историја | 4,18 | 3,71 | 3,88 | 4,59 | 4,52 | 3,21 | 3,90 | 4,00 |
| 7. | Географија | 4,46 | 4,29 | 4,53 | 4,89 | 4,82 | / | / | 4,60 |
| 8. | Физика | 4,62 | 4,68 | 4,76 | **5,00** | 4,95 | / | / | **4,80** |
| 9. | Хемија | 4,09 | 3,57 | 4,65 | 4,44 | 4,21 | / | / | 4,19 |
| 10. | Биологија | 4,00 | 4,04 | 4,11 | 4,63 | 4,39 | / | / | 4,23 |
| 11. | Информатика | 4,43 | 4,39 | 4,15 | 4,93 | 4,73 | 3,60 | 4,00 | 4,32 |
| 12. | Спорт и спортски активности | 4,81 | 4,64 | 4,80 | 4,96 | **5,00** | 4,72 | 4,52 | 4,78 |
| 13. | Ликовна уметност | 4,78 | 4,61 | 4,80 | 4,85 | 4,73 | 4,09 | 4,28 | 4,59 |
| 14. | Музичка уметност/култура | 4,18 | 3,96 | 4,23 | 4,52 | 4,56 | 4,00 | 4,19 | 4,23 |
| 15. | Социологија | / | / | / | / | / | 3,36 | 4,00 | 3,68 |
| 16. | Конституционо уредување | / | / | / | / | / | 4,18 | 4,38 | 4,28 |
| 17. | Основи на бизнисот | / | / | / | / | / | 3,09 | 4,23 | 3,66 |
| 18. | Основи на правото | / | / | / | / | / | **2,75** | 3,57 | **3,16** |
| | **Просек по паралелка** | **4,23** | **4,11** | **4,28** | **4,72** | **4,64** | **3,51** | **3,98** | **4,21** |

На ниво на година највисок просечен успех имаат учениците од I-4 клас 4,72, а најнизок просечен успех имаат учениците од I-6 клас 3,51.

Највисок просечен успех е по предметот Физика 5,00 во I-4 клас и Спорт и спортски активности 5,00 во I-5 клас, а најнизок просечен успех е по предметот Основи на правото 2,75 во I-6 клас.

На ниво на година по предмети највисок просечен успех е по предметот Физика 4,80, а најнизок просечен успех е по предметот Основи на правото 3,16.

Табела 5: Успехот на учениците од втора година по паралелки и предмети

| **Р.б.** | **Предмети** | **II-1** | **II-2** | **II-3** | **II-4** | **II-5** | **II-6** | **II-7** | **Просек по предмет** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Македонски јазик и литература | 4,06 | 4,95 | 4,72 | 4,10 | 4,93 | 3,18 | 3,11 | 4,15 |
| 2. | Математика | 3,51 | 4,66 | 4,36 | 3,20 | 4,52 | 3,18 | 3,00 | 3,78 |
| 3. | Англиски прв јазик | 4,00 | 4,71 | 4,20 | 3,58 | 4,74 | 2,95 | 2,57 | 3,82 |
| 4. | Француски втор јазик | 4,00 | 4,5 | 3,67 | / | **5,00** | **2,40** | 3,20 | 3,80 |
| 5. | Германски втор јазик | 4,41 | 4,95 | 4,74 | 3,70 | 4,81 | 3,29 | 3,31 | 4,17 |
| 6. | Историја | 4,12 | 4,91 | 4,52 | 4,06 | 4,89 | / | / | 4,50 |
| 7. | Географија | 4,33 | **5,00** | 4,60 | 4,48 | 4,93 | / | / | 4,67 |
| 8. | Физика | 4,39 | 4,95 | 4,80 | 4,31 | 4,74 | / | / | 4,64 |
| 9. | Хемија | 4,00 | 4,83 | 4,64 | 3,72 | 4,70 | / | / | 4,38 |
| 10. | Биологија | 4,09 | 4,79 | 4,72 | 4,10 | 4,89 | / | / | 4,52 |
| 11. | Социологија | 4,15 | 4,91 | 4,60 | 4,00 | 4,89 | / | / | 4,51 |
| 12. | Спорт и спортски активности | 4,81 | **5,00** | **5,00** | 4,96 | **5,00** | 4,32 | 4,76 | 4,84 |
| 13. | Музичка уметност | 4,24 | 4,95 | 4,36 | 4,34 | 4,93 | / | / | 4,56 |
| 14. | Ликовна уметност | 4,42 | 4,70 | 4,88 | 4,20 | 4,85 | / | / | 4,61 |
| 15. | Информатичка технологија | 4,48 | **5,00** | 4,56 | 4,38 | **5,00** | / | / | 4,68 |
| 16. | Латински јазик | **5,00** | **5,00** | **5,00** | / | 4,86 | / | / | **4,97** |
| 17. | Сметководство | / | / | / | / | / | 3,14 | / | 3,14 |
| 18. | Информатика | / | / | / | / | / | 3,68 | 3,92 | 3,80 |
| 19. | Историја на Македонија | / | / | / | / | / | 3,50 | 3,92 | 3,71 |
| 20. | Основи на правото | / | / | / | / | / | 3,41 | 3,26 | 3,34 |
| 21. | Основи на бизнисот | / | / | / | / | / | 3,41 | 3,34 | 3,38 |
| 22. | Деловно работење | / | / | / | / | / | 3,86 | / | 3,86 |
| 23. | Практична работа | / | / | / | / | / | 4,27 | 4,92 | 4,60 |
| 24. | Основи на јавно право | / | / | / | / | / | / | 2,76 | **2,76** |
| 25. | Канцелариско работење | / | / | / | / | / | / | 3,30 | 3,30 |
| | **Просек по паралелка** | **4,25** | **4,88** | **4,62** | **4,08** | **4,84** | **3,53** | **3,49** | **4,24** |

На ниво на година највисок просечен успех имаат учениците од II-2 клас 4,88, а најнизок просечен успех имаат учениците од II-7 клас 3,49.

Највисок просечен успех 5,00 учениците имаат по Втор странски јазик – Француски јазик II-5 клас, Географија 5,00 во II-2 клас, Спорт и спортски активности 5,00 во II-2, II-3 и II-5 клас, Информатичка технологија 5,00 во II-2 и II-5 клас и Латински јазик 5,00 во II-1, II-2 и II-3 клас, а најнизок просечен успех е по предметот Втор странски јазик – Француски јазик 2,40 во II-6 клас.

На ниво на година по предмети највисок просечен успех е по предметот Латински јазик – изборен предмет 4,97, а најнизок просечен успех е по предметот Основи на јавно право 2,76.

Табела 6: Успехот на учениците од трета година по паралелки и предмети

| Р.б. | Предмети | | III-1 | III-2 | III-3 | III-4 | III-5 | III-6 | III-7 | Просек по предмет |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Македонски јазик и литература | | 4,26 | 4,16 | 4,45 | 4,04 | 4,00 | 3,67 | 3,63 | 4,03 |
| 2. | Математика | | 3,89 | 3,64 | 3,68 | 3,91 | 3,68 | / | / | 3,76 |
| 3. | Англиски прв јазик | | 3,73 | 3,72 | 3,91 | 3,79 | 3,48 | 3,11 | 2,94 | 3,53 |
| 4. | Француски втор јазик | | 3,47 | / | / | / | / | 3,17 | 3,20 | 3,28 |
| 5. | Германски втор јазик | | / | 3,76 | 4,00 | 3,79 | 3,64 | 3,58 | 3,07 | 3,64 |
| 6. | Историја | | 4,36 | 4,24 | 4,00 | 4,29 | 4,08 | / | / | 4,19 |
| 7. | Физика | | 4,57 | 4,80 | 4,82 | 4,79 | 4,44 | / | / | 4,68 |
| 8. | Хемија | | 3,84 | 3,88 | 4,14 | 4,20 | 3,68 | / | / | 3,94 |
| 9. | Биологија | | 4,31 | 4,44 | 4,36 | 4,04 | 4,00 | / | / | 4,23 |
| 10. | Спорт и спортски активности | | 4,95 | 4,92 | **5,00** | 4,91 | 4,96 | 4,72 | 4,94 | **4,91** |
| 11. | Линеарна алгебра | **Природно-математичко А** | 4,71 | 4,25 | **5,00** | **5,00** | 4,75 | / | / | 4,74 |
| 12. | Алгебра | | 4,14 | 3,50 | 4,89 | **5,00** | 4,37 | / | / | 4,38 |
| 13. | Програмски јазици | | 4,71 | 4,00 | **5,00** | **5,00** | 4,75 | / | / | 4,69 |
| 14. | Програмски јазици | **Природно-математичко Б** | **5,00** | 4,45 | 4,75 | 4,50 | 4,40 | / | / | 4,62 |
| 15. | Географија | | **5,00** | **5,00** | **5,00** | **5,00** | **5,00** | / | / | **5,00** |
| 16. | Латински јазик | | **5,00** | **5,00** | **5,00** | **5,00** | **5,00** | / | / | **5,00** |
| 17. | Вовед во право | **Општествено-хуманистичко А** | 4,75 | 3,60 | 4,56 | 4,57 | 4,66 | / | / | 4,43 |
| 18. | Социологија | | 4,50 | 4,00 | 4,22 | 3,85 | **5,00** | / | / | 4,31 |
| 19. | Латински јазик | | 4,75 | 4,20 | 4,33 | 4,28 | **5,00** | / | / | 4,51 |
| 20. | Социологија | **Општествено-хуманистичко Б** | 2,75 | 4,60 | / | 4,00 | 3,00 | / | / | 3,59 |
| 21. | Педагогија | | 4,25 | **5,00** | / | **5,00** | 4,33 | / | / | 4,65 |
| 22. | Етика | | 3,25 | 4,80 | / | **5,00** | 3,88 | / | / | 4,23 |
| 23. | Математика за економисти | | / | / | / | / | / | 3,28 | / | 3,28 |
| 24. | Сметководство | | / | / | / | / | / | 3,83 | / | 3,83 |
| 25. | Статистика | | / | / | / | / | / | 3,83 | / | 3,83 |
| 26. | Бизнис | | / | / | / | / | / | 3,83 | 3,57 | 3,70 |
| 27. | Економија | | / | / | / | / | / | 3,89 | 4,05 | 3,97 |
| 28. | Деловно работење | | / | / | / | / | / | 3,83 | / | 3,83 |
| 29. | Економска географија | | / | / | / | / | / | 4,28 | / | 4,28 |
| 30. | Практична настава | | / | / | / | / | / | 4,39 | 4,89 | 4,64 |
| 31. | Деловно работење - изборен | | / | / | / | / | / | 3,89 | / | 3,89 |
| 32. | Економија – изборен | | / | / | / | / | / | 4,17 | / | 4,17 |
| 33. | Основи на јавно право | | / | / | / | / | / | / | 4,00 | 4,00 |
| 34. | Канцелариско работење | | / | / | / | / | / | / | **2,84** | 2,84 |
| 35. | Основи на приватно право | | / | / | / | / | / | / | 4,00 | 4,00 |
| 36. | Основи на јавно право - изборен | | / | / | / | / | / | / | **2,94** | 2,94 |
| 37. | Историја - изборен | | / | / | / | / | / | / | 4,31 | 4,31 |
| 38. | Деловна психологија | | / | / | / | / | / | / | 3,73 | 3,73 |
| | **Просек по паралелка** | | **4,29** | **4,28** | **4,51** | **4,47** | **4,29** | **4,11** | **3,69** | **4,23** |

На ниво на година највисок просечен успех имаат учениците од III-3 клас 4,51, а најнизок просечен успех имаат учениците од III-7 клас  3,69.

**Највисок просечен успех има по предметите:**

- Спорт и спортски активности 5,00 во III-3 клас,
- Линеарна алгебра и аналитичка геометрија (изборен) 5,00 во ПМ-А подрачје во III-3 и III-4 клас,
- Алгебра (изборен) во ПМ-А подрачје во III-4 клас,
- Програмски јазици (изборен) 5,00 во ПМ-А подрачје во III-3 и III-4 клас,
- Програмски јазици (изборен) 5,00 во ПМ-Б подрачје во III-1 клас,
- Географија (изборен) 5,00 во ПМ-Б подрачје во III-1, III-2, III-3, III-4 и III-5 клас,
- Латински јазик (изборен) 5,00 во ПМ-Б подрачје во III-1, III-2, III-3, III-4 и III-5 клас,
- Социологија (изборен) 5,00 во ОХ-А подрачје во III-5 клас,
- Латински јазик (изборен) 5,00 во ОХ-А подрачје во III-5 клас,
- Педагогија (изборен) 5,00 во ОХ-Б подрачје во III-2 и III-4 клас,
- Етика (изборен) 5,00 во ОХ-Б подрачје во III-4 клас.

**Најнизок просечен успех има по предметите:**

- Социологија (изборен) 2,75 во ОХ-Б подрачје во III-1 клас,
- Англиски јазик прв странски јазик 2,94 во III-7 клас,
- Канцелариско работење 2,84 во III-7 клас,
- Основи на јавно право (изборен) 2,94 во III-7 клас.

**На ниво на година по предмети највисок просечен успех има по предметите:**

- Географија (изборен) 5,00 во ПМ-Б подрачје,
- Латински јазик (изборен) 5,00 во ПМ-Б подрачје,
- Спорт и спортски активности 4,91.

**На ниво на година по предмети најнизок просечен успех има по предметите:**

- Канцелариско работење 2,84,
- Основи на јавно право (изборен) 2,94.

Табела 7: Успехот на учениците од четврта година по паралелки и предмети

| Р.б. | Предмети | | IV-1 | IV-2 | IV-3 | IV-4 | IV-5 | IV-6 | IV-7 | Просек по предмет |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Македонски јазик и литература | | 3,46 | 3,89 | 3,63 | 4,26 | 4,08 | 3,58 | 3,61 | 3,79 |
| 2. | Англиски јазик прв | | 4,04 | 4,45 | 4,44 | 4,62 | 4,65 | 3,69 | 3,73 | 4,23 |
| 3. | Француски јазик втор/руски | | 3,27 | / | 3,00 | / | / | 3,25 | 2,93 | **3,11** |
| 4. | Германски јазик втор | | / | 4,82 | 4,42 | 4,67 | 4,73 | 3,76 | 4,11 | 4,42 |
| 5. | Математика | | 3,08 | 3,93 | 3,70 | 4,07 | 3,95 | / | / | 3,75 |
| 6. | Филозофија | | 3,88 | 4,31 | 4,04 | 4,44 | 4,73 | / | / | 4,28 |
| 7. | Бизнис и претприемништво | | 3,66 | 4,27 | 3,85 | 4,63 | 4,78 | / | / | 4,24 |
| 8. | Спорт и спортски активности | | 4,81 | 4,96 | 4,85 | 4,91 | 4,91 | 4,55 | 4,79 | 4,83 |
| 9. | Економија | **Општествено-хуманистичко А** | 3,80 | 4,30 | 4,38 | 4,20 | 4,00 | / | / | 4,14 |
| 10. | Менаџмент | | 4,00 | 4,70 | 4,46 | 4,25 | 4,60 | / | / | 4,40 |
| 11. | Логика | | 3,80 | 4,10 | 4,38 | 4,10 | 4,20 | / | / | 4,12 |
| 12. | Историја | | 3,80 | 4,20 | 4,08 | 4,00 | 3,80 | / | / | 3,98 |
| 13. | Прогр. јазици | **Природно-математичко А** | **5,00** | **5,00** | **5,00** | **5,00** | **5,00** | / | / | **5,00** |
| 14. | Мате. анализа | | **5,00** | 4,86 | 4,80 | 4,62 | **5,00** | / | / | 4,86 |
| 15. | Физика | | **5,00** | **5,00** | **5,00** | 4,91 | **5,00** | / | / | **4,98** |
| 16. | Физика | **Природно-математичко Б** | 4,05 | 4,92 | 3,78 | 4,73 | 4,75 | / | / | 4,45 |
| 17. | Хемија | | 4,68 | **5,00** | 4,11 | 4,91 | 4,91 | / | / | 4,72 |
| 18. | Биологија | | 4,63 | **5,00** | 4,67 | **5,00** | 4,91 | / | / | 4,84 |
| 19. | Бизнис | | / | / | / | / | / | 3,55 | 3,51 | 3,53 |
| 20. | Маркетинг | | / | / | / | / | / | 3,76 | / | 3,76 |
| 21. | Менаџмент | | / | / | / | / | / | 4,20 | / | 4,20 |
| 22. | Математика за економисти | | / | / | / | / | / | 3,38 | / | **3,38** |
| 23. | Економија | | / | / | / | / | / | 3,83 | 3,82 | 3,83 |
| 24. | Економија (изборен) | | / | / | / | / | / | 4,24 | / | 4,24 |
| 25. | Организација | | / | / | / | / | / | 4,24 | 4,61 | 4,43 |
| 26. | Деловно работење | | / | / | / | / | / | 3,76 | / | 3,76 |
| 27. | Деловно работење (изборен) | | / | / | / | / | / | 4,03 | / | 4,03 |
| 28. | Граѓанско образование | | / | / | / | / | / | 4,13 | 4,24 | 4,19 |
| 29. | Практична настава | | / | / | / | / | / | 4,24 | 4,48 | 4,36 |
| 30. | Канцелариско работење | | / | / | / | / | / | / | 3,94 | 3,94 |
| 31. | Основи на приватно право | | / | / | / | / | / | / | 3,36 | 3,36 |
| 32. | Историја (из.) | | / | / | / | / | / | / | 4,61 | 4,61 |
| 33. | Основи на јавно право | | / | / | / | / | / | / | 3,61 | 3,61 |
| 34. | Основи на јавно право (из.) | | / | / | / | / | / | / | 3,33 | **3,33** |
| **Просечен успех** | | | **4,12** | **4,57** | **4,26** | **4,50** | **4,60** | **4,14** | **3,91** | **4,30** |

На ниво на четврта година највисок просек имаат учениците од IV-5 клас 4,60, а најнизок од IV-7 клас 3,91.

**Највисок просечен успех има по предметите:**

- Програмски јазици (изборен) 5,00 во ПМ-А подрачје во IV-1, IV-2, IV-3, IV-4 и IV-5 клас,
- Математичка анализа (изборен) 5,00 во ПМ-А подрачје во IV-1 и IV-5 клас,
- Физика (изборен) 5,00 во ПМ-А подрачје во IV-1, IV-2, IV-3 и IV-5 клас,
- Хемија (изборен) 5,00 во ПМ-Б подрачје во IV-2 клас,
- Биологија (изборен) 5,00 во ПМ-Б подрачје во IV-2 и IV-4 клас.

**Најнизок просечен успех има по предметот:**

- Француски јазик втор странски јазик 2,93 во IV-7 клас,
- Француски јазик втор странски јазик 3,00 во IV-3 клас,
- Математика 3,08 во IV-1 клас.

**На ниво на година по предмети највисок просечен успех има по предметите:**

- Програмски јазици (изборен) 5,00 во ПМ-А подрачје,
- Физика (изборен) 4,98 во ПМ-А подрачје.

**На ниво на година по предмети најнизок просечен успех има по предметите:**

- Француски јазик втор странски јазик 3,11,
- Основи на јавно право (изборен) 3,33,
- Математика за економисти 3,38.

## Споредба на успехот на учениците од прва година на крајот од наставната година со успехот од завршната година во основното училиште

Табела 1. Преглед на успехот на крајот на наставната/учебната година по основни училишта

| Р.бр. | Основно училиште | Вк.бр. ученици | Го задржале успехот од ОУ | % | Го намалиле успехот од ОУ | % |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Гоце Делчев | 36 | 21 | 58,33 | 15 | 41,67 |
| 2. | **ДАГ (сите)** | 33 | 21 | **63,64** | 12 | 36,36 |
| | ДАГ Кавадарци | 32 | 20 | 62,5 | 12 | 37,5 |
| | ДАГ Сопот | 1 | 1 | 100 | 0 | / |
| 3. | Тошо Велков Пепето | 35 | 18 | 51,43 | 17 | 48,57 |
| 4. | Тоде Хаџи-Тефов | 42 | 23 | 54,76 | 19 | 45,24 |
| 5. | **Страшо Пинџур (сите)** | 22 | 11 | 50 | 11 | **50** |
| | Страшо Пинџур Кавадарци | 10 | 7 | 70 | 3 | 30 |
| | Страшо Пинџур Возарци | 9 | 2 | 22,22 | 7 | 77,78 |
| | Страшо Пинџур Дреново | 1 | 0 | / | 1 | 100 |
| | Страшо Пинџур Марена | 2 | 2 | 100 | 0 | / |
| 6. | ДАГ Ваташа | 2 | 0 | / | 2 | 100 |
| 7. | Страшо Пинџур Неготино | 1 | 1 | 100 | 0 | / |
| 8. | Гоце Делчев Неготино | 6 | 4 | 66,67 | 2 | 33,33 |
| 9. | Пере Тошев Росоман | 10 | 4 | 40 | 6 | 60 |
| 10. | Демир Капија | 1 | 0 | / | 1 | 100 |
| 11. | Виница | 1 | 1 | 100 | 0 | / |
| 12. | Богданци | 1 | 1 | 100 | 0 | / |
| | | **190** | **105** | **55,26%** | **85** | **44,74** |

- 55,26 % од учениците во прва година на крајот на учебната година го задржале успехот од IX одделение.
- 44,74 % од учениците во прва година на крајот на учебната година го намалиле успехот од IX одделение.

Табела 2. Преглед на општиот успех на крајот на прва година и IX одделение

| Успех | Успех во IX одд. | % | Успех на крај на I година | % |
|---|---|---|---|---|
| Одлични | 147 | 77,37 | 93 | 48,95 |
| Мн.добри | 42 | 22,11 | 61 | 32,10 |
| Добри | 1 | 0,52 | 35 | 18,42 |
| Доволни | 0 | 0 | 1 | 0,53 |
| **Без слаби оценки** | 190 | 100 % | 190 | 100 % |
| со 1 слаба | 0 | 0 | 0 | 0 |
| со 2 слаби | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Вкупно со слаби | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **Вкупно ученици** | 190 | 100 % | 190 | 100 % |

## 3. Редовност на учениците

На ниво на година најмногу изостаноци имаат учениците од IV - четврта година 13 876, потоа учениците од II - втора година 8925, па учениците од I - прва година 8664 и најмалку имаат учениците од III - трета година 7907 изостаноци.

На ниво на паралелки најмногу изостаноци имаат учениците од IV-7 клас 3557, а најмалку имаат учениците од III-1 клас 587.

Табела 1: Изостаноци по години на крајот на учебната 2018/2019 година

| Изостаноци | Прва година | Втора година | Трета година | Четврта година | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | Број | Процент |
| **Оправдани** | 8103 | 7975 | 7176 | 12 772 | **36 026** | **49,74 %** |
| **Неоправдани** | 561 | 950 | 831 | 1104 | **3446** | **4,79 %** |
| **Вкупно** | **8664** | **8925** | **7907** | **13 876** | **39 372** | **54,37 %** |

### 3.1 Споредба на изостаноците на крајот на учебните 2016/2017, 2017/2018 и 2018/2019 година

Табела 1: Вкупно изостаноци по години

| Година | 2016/2017 година (781 ученик) | 2017/2018 година (753 ученици) | 2018/2019 година (722 ученици) |
|---|---|---|---|
| **I** - прва | 6 765 ; 42,02 | 6 296 ; 35,62 | 8664 ; 46,15 |
| **II** - втора | 10 896 ; 55,59 | 7 701 ; 50,25 | 8925 ; 48,56 |
| **III** - трета | 13 034 ; 57,46 | 12 421 ; 64,03 | 7907 ; 52,36 |
| **IV** - четврта | 11 745 ; 59,26 | 14 744 ; 65,82 | 13 876 ; 70,39 |
| **Вкупно** | **42 440 ; 55,05 помалку за 0,29 %** | **41 162 ; 53,93 помалку за 2,03 %** | **39 372 ; 54,37 повеќе за 0,82 %** |

Процентуалното изразување за вкупниот број изостаноци е врз база на просечниот број изостаноци по ученик.

На ниво на училиште имаме повеќе изостаноци во однос на минатата учебна година, и тоа повеќе за 0,82 %.

На ниво на година најголем број на вкупно изостаноци имаат учениците од IV (четврта) година, а најмалку вкупно изостаноци имаат учениците од III (трета) година.

На ниво на паралелки најголем број на вкупно изостаноци имаат учениците од IV-7 клас 3557 или просечен број 107,79, а најмал број на вкупно изостаноци имаат учениците од II-3 клас 594 или просечен број 23,76.

Табела 2:  Оправдани изостаноци по години

| Година | 2016/2017 година (781 ученик) | 2017/2018 година (753 ученици) | 2018/2019 година (722 ученици) |
|---|---|---|---|
| **I** - прва | 6 369 ; 39,56 | 5 695 ; 32,31 | 8103 ; 43,20 |
| **II** - втора | 10 043 ; 51,24 | 7 093 ; 46,31 | 7975 ; 43,39 |
| **III** - трета | 11 607 ; 51,22 | 11 424 ; 58,90 | 7176 ; 47,53 |
| **IV** - четврта | 10 096 ; 50,98 | 13 253 ; 59,17 | 12 772 ; 64,84 |
| **Вкупно** | **38 115 ; 48,80 помалку за 1,61 %** | **37 467 ; 49,17 повеќе за 0,76 %** | **36 026 ; 49,74 повеќе за 1,16 %** |

На ниво на училиште имаме повеќе оправдани изостаноци во однос на минатата учебна година, и тоа повеќе за 1,16 %.

На ниво на година најмногу оправдани изостаноци на крајот на годината имаат учениците од IV (четврта) година, а најмалку оправдани изостаноци имаат учениците од III (трета) година.

На ниво на паралелки најголем број оправдани изостаноци имаат учениците од IV-7 клас 3256 или просечен број 98,67 %, а најмал број оправдани изостаноци имаат учениците од II-3 клас 559 или просечен број 22,36 %.

Табела 3:  Неоправдани изостаноци по години

| Година | 2016/2017 година (781 ученик) | 2017/2018 година (753 ученици) | 2018/2019 година (722 ученици) |
|---|---|---|---|
| **I** - прва | 396 ; 2,46 | 601 ; 3,31 | 561 ; 2,95 |
| **II** - втора | 853 ; 4,35 | 608 ; 3,94 | 950 ; 5,17 |
| **III** - трета | 1 427 ; 6,24 | 995 ; 5,13 | 831 ; 5,48 |
| **IV** - четврта | 1 649 ; 8,28 | 1 491 ; 6,66 | 1104 ; 5,55 |
| **Вкупно** | **4 325 ; 5,54 помалку за 1,07 %** | **3 695 ; 4,76 помалку за 14,08 %** | **3446 ; 4,79 повеќе за 0,63 %** |

На ниво на училиште имаме повеќе неоправдани изостаноци во однос на минатата учебна година, и тоа повеќе за 0,63 %.

На ниво на година најголем број неоправдани изостаноци на крајот на годината имаат учениците од IV (четврта) година, а најмалку неоправдани изостаноци имаат учениците од I (прва) година.

На ниво на паралелки најголем број неоправдани изостаноци имаат учениците од II-6 клас 227 или просечен број 10,32 %, а најмал број неоправдани изостаноци имаат учениците од II-3 клас 35 или просечен број 1,40 %.

Табела 4: Просечен број на изостаноци по години и паралелки

| Клас | Просечен број изостаноци | Клас | Просечен број изостаноци | Клас | Просечен број изостаноци | Клас | Просечен број изостаноци |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **I-1** | 42,22 | **II-1** | 45,03 | **III-1** | 30,89 | **IV-1** | 90,00 |
| **I-2** | 51,54 | **II-2** | 44,08 | **III-2** | 44,96 | **IV-2** | 59,52 |
| **I-3** | 46,96 | **II-3** | **23,76** | **III-3** | 44,27 | **IV-3** | 67,37 |
| **I-4** | 52,93 | **II-4** | 47,17 | **III-4** | 44,17 | **IV-4** | 30,44 |
| **I-5** | 59,13 | **II-5** | 34,96 | **III-5** | 66,64 | **IV-5** | 63,00 |
| **I-6** | 32,06 | **II-6** | 73,23 | **III-6** | 80,22 | **IV-6** | 74,59 |
| **I-7** | 38,19 | **II-7** | 71,69 | **III-7** | 55,37 | **IV-7** | **107,79** |
| | **46,15** | | **48,56** | | **52,36** | | **70,39** |
| **54,37** | | | | | | | |

На ниво на паралелки најголем просечен број на изостаноци има паралелката 4-7 клас со 107,79 изостаноци, а најмал просечен број на изостаноци има паралелката 2-3 клас со 23,76 изостаноци.

Графикон 1: Просечен број на изостаноци по паралелки во учебната 2018/2019 година



## 3. Поведение на учениците

Табела 1: Поведение на учениците по години

| Поведение | Прва | | Втора | | Трета | | Четврта | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | бр. | % | бр. | % | бр. | % | бр. | % | бр. | % |
| **Примерно** | **188** | 98,94 | **172** | 92,47 | **142** | 93,42 | **171** | 88,15 | **673** | **93,21** |
| **Добро** | **1** | 0,53 | **8** | 4,30 | **7** | 4,61 | **13** | 6,70 | **29** | **4,02** |
| **Незадоволително** | **1** | 0,53 | **6** | 3,23 | **3** | 1,97 | **10** | 5,15 | **20** | **2,77** |
| **Вкупно ученици** | **190** | | **186** | | **152** | | **194** | | **722** | |

Табела 2: Поведение на учениците по години и паралелки

| Клас | Примерно | Добро | Незадоволително | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| **I-1** | 30 | 1 | 1 | 32 |
| **I-2** | 28 | / | / | 28 |
| **I-3** | 26 | / | / | 26 |
| **I-4** | 27 | / | / | 27 |
| **I-5** | 23 | / | / | 23 |
| **I-6** | 33 | / | / | 33 |
| **I-7** | 21 | / | / | 21 |
| **Вкупно** | **188** | **1** | **1** | **190** |
| **II-1** | 30 | 2 | 1 | 33 |
| **II-2** | 24 | / | / | 24 |
| **II-3** | 25 | / | / | 25 |
| **II-4** | 29 | / | / | 29 |
| **II-5** | 27 | / | / | 27 |
| **II-6** | 12 | 5 | 5 | 22 |
| **II-7** | 25 | 1 | / | 26 |
| **Вкупно** | **172** | **8** | **6** | **186** |
| **III-1** | 19 | / | / | 19 |
| **III-2** | 24 | / | 1 | 25 |
| **III-3** | 20 | 1 | 1 | 22 |
| **III-4** | 24 | / | / | 24 |
| **III-5** | 24 | / | 1 | 25 |
| **III-6** | 17 | 1 | / | 18 |
| **III-7** | 14 | 5 | / | 19 |
| **Вкупно** | **142** | **7** | **3** | **152** |
| **IV-1** | 24 | 2 | / | 26 |
| **IV-2** | 27 | 1 | 1 | 29 |
| **IV-3** | 25 | 1 | 1 | 27 |
| **IV-4** | 25 | 1 | 1 | 27 |
| **IV-5** | 23 | / | / | 23 |
| **IV-6** | 23 | 3 | 3 | 29 |
| **IV-7** | 24 | 5 | 4 | 33 |
| **Вкупно** | **171** | **13** | **10** | **194** |
| **Сè вкупно** | **673** | **29** | **20** | **722** |

Табела 3: Поведението на учениците во последните три години

| Поведение | 2016/2017 година | 2017/2018 година | 2018/2019 година |
|---|---|---|---|
| **Примерно** | 657 (84,13 %) | 667 (88,58 %) | 673 (93,21 %) |
| **Добро** | 64 (8,19 %) | 48 (6,37 %) | 29 (4,02 %) |
| **Незадоволително** | 60 (7,68 %) | 38 (5,05 %) | 20 (2,77) |
| **Вкупно ученици** | **781** | **753** | **722** |

Графикон 1: Споредба на поведението во учебните 2016/2017, 2017/2018 и 2018/2019 година



# 4. НАСТАВА

**Реализација на планираниот фонд на наставни часови**

**ПРВА година 96,79 %**

| | I-1 | I-2 | I-3 | I-4 | I-5 | I-6 | I-7 | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Планирани часови** | 1080 | 1080 | 1080 | 1080 | 1080 | 1152 | 1152 | **7704** |
| **Реализирани часови** | 1037 | 1043 | 1047 | 1044 | 1047 | 1119 | 1120 | **7457** |
| **Разлика** | **43** | **37** | **33** | **36** | **33** | **33** | **32** | **247** |

**ВТОРА година 97,47 %**

| | II-1 | II-2 | II-3 | II-4 | II-5 | II-6 | II-7 | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Планирани часови** | 1296 | 1296 | 1296 | 1152 | 1296 | 1292 | 1224 | **8852** |
| **Реализирани часови** | 1266 | 1253 | 1258 | 1125 | 1255 | 1269 | 1202 | **8628** |
| **Разлика** | **30** | **43** | **38** | **27** | **41** | **23** | **22** | **224** |

**ТРЕТА година 95,28 %**

| | III-1 | III-2 | III-3 | III-4 | III-5 | III-6 | III-7 | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Планирани часови** | 1692 | 1692 | 1476 | 1692 | 1692 | 1296 | 1260 | **10 800** |
| **Реализирани часови** | 1609 | 1610 | 1411 | 1621 | 1606 | 1224 | 1209 | **10 290** |
| **Разлика** | **83** | **82** | **65** | **71** | **86** | **72** | **51** | **510** |

**ЧЕТВРТА година 97,96 %**

| | IV-1 | IV-2 | IV-3 | IV-4 | IV-5 | IV-6 | IV-7 | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Планирани часови** | 1551 | 1551 | 1551 | 1551 | 1551 | 1188 | 1188 | **10 131** |
| **Реализирани часови** | 1518 | 1512 | 1518 | 1514 | 1517 | 1171 | 1174 | **9924** |
| **Разлика** | **33** | **39** | **33** | **37** | **34** | **17** | **14** | **207** |

Од табеларните прегледи за реализација на наставата може да се заклучи дека истата е во најголем процент реализирана или на ниво на училиште таа изнесува 96,88 %.

Причини за нереализирани наставни часови се: државни празници, верски празници, екскурзии на учениците.

Реализирани се сите наставни единици и содржини согласно планирањата на предметните наставници по сите наставни предмети.

**Државна матура 2019**

Почнувајќи од учебната 2007/2008 година учениците од IV година полагаат Државна матура. Учениците кои планираат да го продолжат своето образование на високо-образовните институции полагаат Државна матура, а оние ученици кои имаат поинакви планови полагаат Училишна матура од гимназиското образование, односно Завршен испит од стручното образование.

Од учебната 2013/2014 година концепцијата за Државната матура претрпува измени.

Учениците во гимназиското образование полагаат три екстерни предмети, еден интерен наставен предмет и проектна задача. И оваа учебна година концепцијата беше иста.

Екстерно полагаат:

- еден задолжителен наставен предмет: македонски јазик и литература/албански или турски јазик и литература;
- прв изборен наставен предмет: математика или странски јазик;
- втор изборен наставен предмет од следната листа на општообразовни наставни предмети: странски јазик[1], математика[2], хемија, физика, биологија, историја, филозофија[3] и социологија.

Интерно полагаат:

- трет изборен наставен предмет од листата на општообразовни наставни предмети за полагање на државна матура.

Наставниот предмет кој ученикот го избрал на екстерно ниво, не може да го избере и на интерно ниво.

Проектна задача.

Учениците во средното стручно образование полагаат три екстерни наставни предмети, еден интерен наставен предмет и проектна задача.

Екстерно полагаат:

еден задолжителен наставен предмет: македонски јазик и литература/албански или турски јазик и литература;

- прв изборен наставен предмет: математика или странски јазик;
- втор изборен наставен предмет од следната листа на општообразовни наставни предмети: странски јазик[4], математика[5], хемија[6], физика, биологија, историја[7], филозофија, социологија и бизнис.

Интерно полагаат:

- трет изборен наставен предмет од листата на стручни наставни предмети за полагање на државна матура.

Проектна задача.

Училишната матурска комисија (УМК), односно училиштето ги направи сите неопходни подготовки за полагањето на државната матура.

---

[1] Ученикот може да избере странски јазик само доколку како прв изборен предмет избрал математика.
[2] Ученикот може да избере математика само доколку како прв изборен предмет избрал странски јазик.
[3] Ученикот може да избере филозофија само доколку како прв изборен предмет избрал странски јазик.
[4] Ученикот може да избере странски јазик само доколку како прв изборен предмет избрал математика.
[5] Ученикот може да избере математика само доколку како прв изборен предмет избрал странски јазик.
[6] Во хемиско технолошката струка се избира како општообразовен предмет.
[7] Се подразбира наставниот предмет историја со историја на Македонија.

Табела 1: Преглед на ученици кои положиле Државна матура, Училишна матура и Завршен испит по струки и профили во учебната 2018/2019 година

| Р.бр. | МАТУРА/ ЗАВРШЕН ИСПИТ | Гимназиско образование | Економско-правна и трговска струка (стручно образование) | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Вкупно | Економски техничар | Правен техничар | Вкупно | |
| 1. | Државна матура | **126** | 28 | 28 | 56 | **182** |
| 2. | Училишна матура | 7 | / | / | / | **7** |
| 3. | Завршен испит | / | 2 | 5 | / | **7** |
| **Вкупно:** | | | | | | **196** |

Табела 2: Преглед на број на ученици кои полагаа екстерен-изборен дел од Државна матура

| Р.бр. | Задолжителен изборен предмет - екстерен | Вкупно |
|---|---|---|
| 1. | Англиски јазик | **168** |
| 2. | Германски јазик | **3** |
| 3. | Математика | **49** |
| 4. | Филозофија | **50** |
| 5. | Историја | **13** |
| 6. | Биологија | **24** |
| 7. | Социологија | **8** |
| 8. | Бизнис | **53** |

Просечниот успех на државната матура по предметот Македонски јазик и литература е 3,84; Англиски јазик 3,4; Германски јазик 4; Математика 4,12; Филозофија 4,71; Социологија 4,12; Историја 4,15; Биологија 4,43 и Бизнис 3,94.

Табела 3: Преглед на просечниот успех на екстерните предмети
на Државна матура 2019

| Р.б. | Предмети | Екстерен успех |
|---|---|---|
| 1. | Македонски јазик и литература | 3,84 |
| 2. | Англиски јазик | 3,4 |
| 3. | Германски јазик | 4 |
| 4. | Математика | 4,12 |
| 5. | Филозофија | 4,71 |
| 6. | Историја | 4,15 |
| 7. | Социологија | 4.12 |
| 8. | Биологија | 4,43 |
| 9. | Бизнис | 3,94 |
| **Државна матура 2019** | | **3,86** |

Во наредниот графикон го изнесуваме просечниот успех по предмети од екстерниот дел на Државна матура во учебната 2018/2019 година.

Графикон 1: Преглед на просечниот успех на екстерните предмети на државна матура 2019




Просечниот успех на нашите ученици на сите екстерни испити е 3,86.

Табела 4: Преглед на просечниот успех на екстерните предмети, училишниот предметен успех и просечниот успех во Републиката

| Р.б. | Предмети | Екстерен успех | Училиштен предметен успех | Просечен успех во Републиката |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Македонски јазик и литература | 3,84 | 3,86 | |
| 2. | Англиски јазик | 3,40 | 4,37 | |
| 3. | Германски јазик | 4,00 | 4,66 | |
| 4. | Математика | 4,12 | 4,72 | |
| 5. | Филозофија | 4,71 | 3,93 | |
| 6. | Историја | 4,15 | 4,30 | |
| 7. | Социологија | 4,12 | 3,87 | |
| 8. | Биологија | 4,43 | 5,00 | |
| 9. | Бизнис | 3,94 | 4,75 | |

Графикон 2: Споредба на училишниот успех со екстерниот успех по предмети на Државна Матура 2019



Табела 5: Преглед на споредбата на успехот на екстерните предмети од државна матура 2008 година до 2019 година

| Р.бр. | Предмети | ДМ 2019 | ДМ 2018 | ДМ 2017 | ДМ 2016 | ДМ 2015 | ДМ 2014 | ДМ 2013 | ДМ 2012 | ДМ 2011 | ДМ 2010 | ДМ 2009 | ДМ 2008 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Македонски јазик и литература | 3,84 | 3,77 | 3,57 | 3,98 | 3,93 | 3,41 | 3,84 | 3,80 | 4,18 | 3,43 | 3,71 | 3,44 |
| 2. | Англиски јазик | 3,4 | 3,36 | 3,43 | 3,48 | 3,59 | 3,72 | 3,57 | 3,83 | 3,73 | 3,39 | 3,89 | 4,28 |
| | Француски јазик | / | 4,66 | / | / | / | / | / | 3,22 | 3,50 | 4,30 | 3,64 | / |
| 3. | Германски јазик | 4 | 4,5 | 4,66 | 4,50 | 3,00 | 5,00 | / | 4,50 | 3,50 | 4,50 | 4,33 | / |
| | Руски јазик | / | / | / | / | / | / | / | / | / | 5,00 | / | / |
| 4. | Математика | 4,12 | 3,77 | 3,55 | 3,43 | 2,5 | 3,29 | 3,71 | 3,19 | 3,55 | 2,89 | 3,32 | 3,20 |
| 5. | Бизнис | 3,94 | 3,92 | 3,72 | 3,75 | 4,31 | 3,67 | | | | | | |
| 6. | Филозофија | 4,71 | 4,01 | 3,42 | 3,55 | 2,67 | 3,93 | | | | | | |
| 7. | Историја | 4,15 | 4,19 | 3,7 | 4,04 | 2,87 | 3,87 | | | | | | |
| 8. | Биологија | 4,43 | 3,85 | 4,33 | 4,35 | 3,28 | 3,19 | | | | | | |
| 9. | Социологија | 4,12 | / | / | / | / | / | | | | | | |
| 10 | Хемија | / | / | 3,00 | 4,80 | 4,50 | / | | | | | | |
| 11 | Физика | / | / | 3,00 | 3,50 | 3,00 | / | | | | | | |
| **Просечен успех** | | **3,86** | **3,71** | **3,63** | **3,77** | **3,50** | **3,59** | **3,72** | **3,76** | **3,93** | **3,38** | **3,71** | **3,67** |

Графикон 3: Преглед на споредбата на просечниот успех на екстерните предмети на државна матура од 2008 година до 2019 година




Во учебната 2019/2020 година ќе се работи поагажирано од страна на учениците и наставниците за постигања на повисоки резултати на Државна матура 2020.

## Интерен дел

Резултатите од презентацијата и одбраната на проектната задача на Државна матура се прикажани во следниот графикон.

Графикон 4: Преглед на успехот од проектната задача на Државна матура 2019




На презентацијата и одбраната на проектната задача Одличен успех 5,00 имаат постигнато учениците по 17 предмети (Македонски јазик и литература, Англиски јазик, Математика, Информатика, Физика, Биологија, Хемија, Ликовна уметност, Бизнис - изборен, Менаџмент - изборен, Менаџмент - стручно, Економија - гимназиско, Деловно работење - изборен, Конституционо работење, Основи на јавно право, Вовед во право и Граѓанско работење).

Најнизок успех на проектната задача имаат учениците по наставниот предмет Деловно работење (3,5).

Успехот на интерните испити е прикажан на наредниот график.

Графикон 5:  Преглед на успехот на интерните испити на Државна матура 2019




Највисок просечен успех 5,00 е постигнат по наставните предмети: Информатика и Музичка уметност, а најнизок просечен успех 2,00 е постигнат по наставниот предмет Биологија - училишна матура.

Во текот на учебната 2019/2020 година преку соодветни активности ќе се работи за постигнување на повисоки резултати и на екстерниот и на интерниот дел од Државна матура.

# Реализирани активности во текот на учебната 2018/2019 година

Обуки, семинари и едукативни предавања

### Обука за модернизација на техничкото образование

На 4 и 5 септември 2018 година професорите по економски предмети Лоска Давчева и Жанета Делова, како и професорите по правни предмети Слободанка Стојанова и Татјана Ралевска земаа учество на обука на тема: „Модернизација на техничкото образование“, која се одржа во Гевгелија. Целта на оваа обука беше усогласување на Концептот на целокупното средно стручно образование во Р. Македонија со Концептот на средното стручно образование со земјите од ЕУ.

### Дебата на тема: „Мојата идна професија“

Движејќи се кон крајот на средното образование, учениците се наоѓаат на крстопат во животот. Изборот за идната професија е многу голема и важна одлука што ја одредува личноста која сакаме да бидеме во животот и ја одредува нашата иднина.

За таа цел, на 27 септември 2018 година во кино салата на училиштето, за прв пат по една година пауза се одржа дебата на тема „Мојата идна професија“ на која гостуваа овогодинешните добитници на наградата „7-ми септември“ проф. м-р. Страшо Темков - професор на Факултетот за музичка уметност, Скопје и Димитар Пецов - пензиониран професор по спорт и спортски активности од нашата гимназија.

Тие своите искуства и совети ги споделија со учениците, раскажувајќи ги своите животни приказни и патот до успешната кариера. На почетокот гостите и учениците ги поздрави директорката на гимназијата г-ѓа Невенка Поп-Ангелова, им честита за наградите „може нема да ги изберете професиите на нашите гости, но нивната успешна животна приказна ќе ве инспирира и мотивира да работите вредно и да го остварите својот сон“, а потоа и претседателот на ученичката заедница Ѓорѓи Стојанов кој се заблагодари во името на учениците.

Оваа дебата ја започнаа истакнувајќи дека оваа важна одлука треба да ја донесе секој сам без влијание од другите, мотивирани да успеваат во одбраниот правец со цел со љубов да ја работат својата идната професија. Упорноста и истрајноста која треба да ја поседуваат за одрена работа ќе ги води кон успех со кои во иднина ќе придонесеме за себе и за луѓето околу нас.

„Контактите се една од најважните работи во животот“- истакна проф. Страшо Темков, „Тие треба да се одржуваат, да се споделуваат искуства, бидејќи разни личности ни отвараат разни полиња од животот“.

„Успехот на луѓето кои ги имаме мотивирано е и наш успех и гордост“, нагласи професорот Пецов кој целиот свој живот го посветил на младите, на спортот, на откривање нови таленти.

Учениците внимателно ги сослушаа нивните совети за кои се надеваме дека ќе им помогнат во нивниот избор, а гостите на крајот им посакаа успех најпрво во оваа учебна година и понатаму во животот како и вистински избор на професијата која со љубов ќе ја работат.

**Трета Еразмус+ работилница во рамките на проектот DIGITeachEUrope**

Во периодот од 1 до 6 октомври 2018 година се реализираше третата Еразмус+ работилница во Линген, Германија со партнерите на нашето училиште во рамките на проектот DIGITeachEUrope - developing digital learning environments for schools in Europe.

На оваа работилница од нашето училиште присуствуваа Невенка Поп-Ангелова, Директор, Христинка Косовска, проф. по латински јазик и Богде Коцева – проф. по биологија.

Теми на III работилница од Еразмус+ проектот DIGITeachEUrope беа изработка на отворени едукативни ресурси и визуелизација.

На работилницата се стави акцент на изработка на отворени едукативни ресурси, видеа и туторијали, определување на темите и методите за креирање на истите, карактеристики на креирањето на објаснувачките видеа, препораки за изработката. Исто така, дел од оваа работилница беше посветен и на визуелизација. Во рамките на работилницата беа претставени и споделени примери од искуство и добра практика, како и предлози за во иднина.

**Обука за наставен кадар**

На 15 и 16 октомври 2018 година во хотел Фени во Кавадарци, се одржа обука наменета за зајакнување на капацитетите на наставниците кои ја надгледуваат работата на Училишните заедници. Оваа обука беше организирана од страна на Здружението на лидери за едукација, активизам и развој и институтот Конрад Аденауер. На обуката учество зема професорката по историја Наташа Матакова.

**Работилница „Преземање акција во училиштето“**

На 18 октомври 2018 година во реализација на ученичкиот парламент се реализираше работилница на тема: „Преземање акција во училиштето“. На оваа работилница учествуваа учениците од 2-6 клас. Работилницата имаше за цел да ја подигне свеста кај учениците за можноста и вредноста на нивното учество во донесувањето на одлуките во училиштето. Работилницата беше спроведена од страна на проф. по историја Наташа Матакова и заменик Дете правобранител.

**Проект „Даночна едукација на младите“**

Од 24 октомври до 26 октомври 2018 година во училиштето се одржаа предавања за матурантите на тема: „Фискална едукација на младите“ од страна на Управа за јавни приходи од Кавадарци.

**Транснационална средба од Еразмус+ проектот RAINBOW**

Во нашето училиште се одржа транснационална средба од Еразмус+ проектот RAINBOW - Right Attitude In Building Our World во периодот од 25 октомври до 27 октомври 2018 година. На неа учествуваа професори од нашето училиште заедно со

професори од партнерските училишта во проектот од Романија, Турција, Шпанија, Литванија, Бугарија и Италија.

На самиот почеток на средбата учесниците беа пречекани во училиштето – домаќин и на свечениот прием беа поздравени од Директорката на училиштето г-ѓа Невенка Поп-Ангелова. Директорката на училиштето воедно ги запозна учесниците со образовниот процес во училиштето, како и со историјата на истото. Потоа беа претставени активностите што следат во рамките на средбата.

За време на средбата учесниците дискутираа за активностите во следните работилници во Литванија и Бугарија. Потоа учесниците дискутираа за интернет страницата на проектот и ги прикачија сите материјали коишто се изработени во изминатиот период.

За време на вториот ден од работната средба имаше дискусија за имплементацијата и евалуацијата на проектот. Тимовите работеа на планирање на активностите од проектот и нивна евалуација до 2019 година. Исто така, се разговараше за Европас сертификат за мобилност, како и за неформалните активности во имплементацијата на проектот. Учесниците на проектот се запознаа со условите и начинот на предавање во нашето училиште и меѓусебно разменија искуства и примери на добра пракса.

Во рамките на средбата се одржа и научна посета на Музејот на град Кавадарци, Националниот парк Галичица, манастирот на Св. Наум, Музејот на Заливот на коските и Охрид. На научната посета се одржа работилница во која се разговараше за неформални дидактички приоди и методи, поврзувајќи ја водата со начините на живеење во неолитот, разновидната флора и фауна, како и за културата, традицијата и религијата во регионот.

**Семинар за јавни набавки**

Од 26 до 28 октомври 2018 година во Струмица се одржа семинар на тема: „Предизвиците во јавните набавки“. На овој семинар присуствуваа: Невенка Поп-Ангелова – директор на училиштето, Александра Ристова – проф. по правни предмети и Костадинчо Петров – проф. по економски предмети.

**Семинар по Филозофија**

На 01.11.2018 година во Скопје на Институтот за Филозофија се организираше семинар за регионалната застапеност на филозофските науки. На семинарот учествуваше проф. по филозофија Елизабета Бошкова.

**Обука за наставен кадар**

На 24 ноември 2018 година во просториите на гимназијата за предметните наставници и стручната служба се одржа обука на тема: „Настава и учење во 21-от век, создавање иновативни училишта: подготвување на учениците за 21-от век“. Обуката беше спроведена од страна на Друштво за друго образование, менаџмент и консалтинг услуги „Тренинг Центар“ – Ц.Е.С. ДООЕЛ – Скопје. Наставниците научија уште повеќе современи стратегии и пристапи, како на пример: учење со истражување, превртена училница, учење базирано на дигитална игра, колаборативно учење и проектна настава. И оваа обука ќе ги подобри професионалните вештини кај наставниците се со цел за поквалитетен наставен процес.

**Предавање за ученици за безбедноста во сообраќајот**

На 3 декември 2018 година во просториите на гимназијата за учениците од прва и трета година се одржа сообраќајно едукативно предавање на тема: „Влијанието на алкохолот врз безбедноста на младите во сообраќајот“. Оваа предавање беше организирано од страна на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот во Кавадарци во соработка со Градоначалникот и Локалната самоуправа на градот и Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот. На оваа предавање предавач беше член на Републичкиот совет од Скопје.

**Интеркултурна рамена во Троген, Швајцарија по 9-ти пат**

Во рамките на проектот „Имплементација на Конвенцијата за правата на детето во Македонија“ на Коалиција на младински организации СЕГА, поддржан од детската фондација Песталоци, во периодот од 4 декември до 19 декември 2018 година, уште еднаш ученици од нашето училиште учествуваа на интеркултурната размена во детското село Песталоци во Троген, Швајцарија.

На оваа 9-та по ред размена во Швајцарија учествуваа ученици од втора, трета и четврта година и тоа: Вероника Каровска, Драган Андреевски, Ѓорѓи Ѓиков, Иван Јосифов, Мартин Коцев, Марија Ристова, Марија Глигорова, Пане Досев и супервизорот проф. по информатика м-р Зоран Милевски.

Размената беше со група ученици од Молдавија, каде што преку игри, пораки, проекти и работилници беа изучувани правата на децата, антидискриминацијата, родовата еднаквост и идентитетот.

За време на викендите се реализираа екскурзии низ Швајцарија, каде што до израз доаѓаа дружењата и пријателствата со ученици од различна етничка структура.

Преку оваа размена учениците ќе имаат можност да ги пренесат своите знаења на своите соученици, бидејќи во рамките на проектот планирани се четири работилници за десиминација на активностите од Швајцарија.

**Обука за наставен кадар**

Од 10 до 12 декември 2018 година професорката по историја Наташа Матакова учествуваше на едукативен семинар за професори кој се одржа во просториите на Меморијалниот центар на Евреите од Македонија. Семинарот беше на тема: „The Holocaust as a starting point“.

**Бастион – обука за наставници**

На 24 декември 2018 година во просториите на гимназијата се одржа обука за наставници на тема: „Развивање на меки вештини и вештини за тимско решавање на проблеми“. Обуката беше организирана и реализирана од страна на Бизнис академија Смилевски – БАС од Скопје. Учесниците преку интеракција се запознаа со правилата, процедурите, концептот и програмата за реализација на БАСТИОН која претставува компетитивно конкурентска бизнис симулација.

**Дебата на тема: „Треба да се воведат униформи во училиштето“**

На 24 декември 2018 година во организација на Ученичкиот парламент, како дел од

активностите предвидени со Ресурсниот пакет за ученичко учество и заштита на детските права се одржа дебата со наслов: „Треба да се воведат униформи во училиштето“.

Во дебатата учествуваа ученици од втора година поделени во два тима застапувајќи два различни става во однос на поставената теза. Во текот на дебатата учениците ги истакнаа своите ставови и мислења „за и против“ поткрепени со аргументи.

На крајот на дебатата преовлада ставот дека учениците повеќе преферираат да не носат униформи, како би имале можност преку облеката да се изразат себе си.

Во организацијата на дебатата учениците имаа поддршка од професорката по историја Наташа Матакова, од професорката по македонски јазик и литература Васка Петкова, како и од директорката и стручната служба. На дебатата присуствуваше и училишниот психолог Душанка Иванова. Учесници: Душица Колева, Смиља Бошкова, Александар Стојанов, Македонка Туриманџова, Александар Кадров, Софија Маркова.

**Прва работилница од Еразмус+ проектот Schools go ditital**

Во периодот од 09.01.2019 година до 14.01.2019 година се оддржа првата работилница од проектот Schools go ditital од Erasmus+ програмата во Измир, Р.Турција, во кој учество покрај нашето училиште, земаа и училиштата од следниве земји: Турција, Романија, Италија и Латвија.

На оваа работилница од нашето училиште учество земаа Директорката Невенка Поп-Ангелова, Христинка Косовска професорка по латински јазик, Благородна Лазова професорка по информатика и Жанета Делова професорка по економски предмети. На оваа прва работилница се запознаа партнерите меѓусебно и разгледаа алатки за дигитално учење кои ги користат истите во своите училишта. Овие алатки претставуваат олеснување при совладување на наставниот процес и комуникација со учениците на дигитален начин.

На големо задоволство и за двете училишта, а по иницијатива на Директорката Невенка Поп-Ангелова, нашето училиште и училиштето Oguzhan Ozkaua Fen Lisesi склучија Меморандум за билатерална соработка, со што во иднина се очекува нивната соработка да продолжи и на поширок план.

**Обука за наставен кадар за модернизација на техничкото образование**

На 18.01.2019 година во Скопје се одржа обука за наставници од стручното образование од проектот за развивање вештини и поддршка на иновации (SDISP). На обуката се презентираа новите наставни планови за реформирано средно стручно образование. Обуката ја следеа наставници по економски и правни предмети.

**Презентација и споделување на добри практики од обуките во рамките на Еразмус+ проектите**

На 31.01.2019 година во просториите на Гимназија „Добри Даскалов“ се одржа дисеминација за наставниците. На истата се споделија искуствата од обуките од Еразмус+ проектите Schools go digital – Mobile assessment tools for students и DiGiTeachEUrope – Developing digital learning environments for schools in Europe.

Презентацијата беше насловена „Симфонија на учење и подучување – blended

учење“. Своето искуство го споделија Директорката Невенка Поп-Ангелова, Христинка Косовска – проф. по латински јазик, Богде Коцева – проф. по биологија, Жанета Делова – проф. по економски предмети и Благородна Лазова – проф. по информатика.

На дисеминацијата беа претставени наставни методи и алатки за креирање на blended учење. Blended учењето претставува пристап кој комбинира online едукативни материјали и можности за интеракција преку интернет со традиционални методи во училницата.

Придобивките од ваквото учење се: давање автономија на учениците и зголемување на нивната заинтересираност, подолго ги задржува учениците фокусирани, им овозможува да учат по нивно темпо, развива истражувачки вештини, само-учење, само-залагање, одговорност, компјутерска писменост, а на наставниците им овозможува брзи и непосредни дијагностички резултати и повратна информација од учениците.

На дисеминацијата беа претставени и дигитални алатки за оценување на учениците: Flipgrid, GoClass, The Answer Pad, Socrative, Google Forms, Kahoot, Quizalize, GoSoapBox, Poll Everywhere, TodaysMeet, Piazza, Padlet, Quizizz, Quizlet, Edulastic.

Беше претставен и методот на визуелизација преку кој се постигнува подобар ефект на усвојување на наставната содржина кај учениците. Пример на дигитална алатка за овој метод е StoryboardThat.

**Работилница од проектот „Преку спорт до подобар соживот“**

На 31.01.2019 година во спортската сала на училиштето се реализираа две работилници со ученици од прва и трета година на тема: „Недискриминација и инклузија на лица со инвалидност“. На овие работилници учествуваа професорите по спорт и спортски активности Илија Шиков и Ѓорѓи Велков.

Проектот е спроведен од страна на Сојуз за спорт и рекреација на инвалиди во соработка со Прогрес плус, Младинскиот информативен центар Инфо Сега и Коалиција на младински организации СЕГА. Овој проект е финансиран од регионалната програма за локална демократија во Западен Балкан – РеЛОаД, финансирана од Европската унија (ЕУ), а ја спроведува Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП).

На овие работилници се реализираа активности преку кои на младите им се доближи темата за недискриминација и инклузија на лица со инвалидност.

**„Читај меѓу редови“**
**проект за медиумска умешност и критичко размислување на млади**

Фондацијата за локален развој и демократија „Фокус“ од Велес е покровител на проектот: „Со критичко мислење до граѓани со медиумска умешност – КриТинк“ на Фондација за интернет и општество „Метаморфозис“ и Евротинк – центар за европски стратегии“.

Во периодот од септември 2018 година до февруари 2019 година Фокус го реализира проектот со наслов: „Читај и меѓу редови“ чија цел е да ја зголеми свеста кај младите за медиумска умешност и да поттикне градење на критички став.

Во проектот учествуваат 80 ученици од кои 40 од нашето училиште. Учениците се едуцираат за штетното влијание од медиумските манипулации.

Низ проектните активности во формат на едукативни работилници, форуми, подготовка на медиумски производи, учениците ги води проектниот тим на Фондација Фокус и експерт новинарот Саше Димовски. Во тек се серија обуки и едукации со цел учениците да научат да прават разлика помеѓу дезинформација и точна вест од јавен интерес.

„Едуциран и медиумски писмен млад човек значи одговорен граѓанин на општетството.“

**Презентација за социјално претприемништво**

На 4 март 2019 година во просториите на СОЗШУ „Ѓорче Петров“ Кавадарци се одржа информативна средба со средните училишта од општина Кавадарци. На оваа средба учествуваа: Костадинчо Петров и Лоска Давчева – професори по економски предмети.

Средбата беше организирана и спроведена од страна на Министерството за образование и наука, УНИЦЕф, Фондот за иновации и технолошки развој и Центарот за развој на претприемачи и менаџери – ЦЕЕД Македонија, кој воедно го започнаа реализирањето на проектот за социјално претпримеништво и развој на претприемачки вештини кај младите луѓе на возраст од 13 до 19 години.

**Одржана обука на Џуниор Ачивмент Македонија за програмата за училишни компании**

На 7 и 8 март 2019 година во Скопје се одржа обука на Џуниор Ачивмент Македонија за програмата за училишни компании. На обуката учествуваа професорките по правни предмети Слободанка Стојанова и Татјана Ралевска. На обуката беше презентирана програмата за училишните компании, за дејствијата кои претходат на отворањето на училишната компанија, како и за бенефитите од училишните компании.

**Развој и поддршка на талентирани деца**

На 11.03.2019 година се одржа панел дискусија на тема: „Развој и поддршка на талентирани деца“, организирана и спроведена од страна на Министерството за образование и наука и Фонд за иновации.

**Одржана трибина „Спречување на насилство во училиштата“**

На 12.03.2019 година беше одржана трибина во рамките на проектот „Имплементација на Конвенцијата за детски права“ во делот „Имплементирање на индексот за детски права“ на Коалиција СЕГА, во кој проект нашето училиште активно работи веќе осум години. Под менторство на училишниот педагог Јасминка Ризова и професорката по историја Наташа Матакова, учениците присуствуваа на трибина на тема: „Спречување на насилство во училиштата“.

Трибината се одржа во просториите на Полициска станица од општа надлежност Кавадарци, а ја водеше самостојниот инспектор за превенција Димитар Каракулев. На трибината учениците добија сознанија што претставува насилно однесување во училиштата, како да се превенира насилното однесување и кои се последиците од ваквата ситуација.

**Работилници од интеркултурната размена во Троген, Швајцарија**

На 14.02.2019 година и на 14.03.2019 година се реализираа follow-up работилници во рамките на проектот „Имплементација на Конвенцијата за правата на детето во Македонија“ на Коалиција на младински организации СЕГА, подржан од детската фондација Песталоци.

Работилниците следат по реализираната 9-та по ред размена на наши ученици во Швајцарија кои во периодот од 04.12.2018 до 19.12.2018 година, учествуваа на интеркултурната размена во детското село Песталоци во Троген, Швајцарија.

Учениците учесници во размената: Вероника Каровска, Драган Андреевски, Ѓорѓи Ѓиков, Иван Јосифов, Мартин Коцев, Марија Ристова, Марија Глигорова, Пане Досев и супервизорот проф. по информатика м-р Зоран Милевски, пренесоа знаење и искуство кое што го стекнаа во Швајцарија на ученици од трета година од нашата гимназија.

Работилницате се реализираа во позитивна атмосфера, преку различни техники и игри учесниците научија како да преминат преку неуспех, како да ги почитуваат нивните вредности, дојдоа до заклучок дека треба да ја почитуваат својата личност, и сето тоа проследно со тимска работа.

**Работилница на тема: „Имам право да ги знам своите права“**

На 13 март 2019 година, како дел од активностите предвидени со Ресурсниот пакет за ученичко учество и заштита на детските права, проф. по историја Наташа Матакова реализираше работилница на тема: „Имам право да ги знам своите права“. На оваа работилница учествуваа 20 ученици од втора година. Целта на работилницата беше преку игра учениците да се запознаат со нивните права загарантирани во Конвенцијата за правата на детето.

**III работилница во рамките на Еразмус+ проектот RAINBOW**

Во периодот од 10 до 17 март 2019 година професори и ученици од СОУ Гимназија „Добри Даскалов“ Кавадарци учествуваа на III работилница во рамките на Еразмус+ проектот RAINBOW - Right Attitude In Building Our World која се одржа во Вилниус, Литванија.

Учесниците се запознаа со Литванскиот образовен систем, култура, историја и традиција. Нашите ученици Славица Касапинова II-5 клас, Рената Попова II-5 клас и Миле Пеливанов III-3 клас, заедно со учениците од партнерските училишта од Литванија, Бугарија, Турција, Италија, Шпанија и Романија ги претставија своите презентации за социјална инклузија на тема: „Позитивни социјални аспекти во својата земја“.

Професорите Христинка Косовска – проф. по латински јазик, Кочо Кочов – проф. по македонски јазик и литература и Блашко Клинчаров – проф. по спорт и спортски активности присуствуваа на интернационална конференција за неформални методи и техники каде презентираа за „Позитивните ефекти од драмските изведби како неформални активности“.

**Обука од Еко Живот**

На 18 март 2019 година во просториите на гимназијата се одржа обука за наставен кадар во рамките на проектот: „Отпадот се селектира, па се рециклира“. Обуката беше организирана и спроведена од страна на Здружението за заштита и унапредување на животната средина „Еко Живот“ од Кавадарци. На оваа обука учество земаа поголем број од предметните наставници и на истите им беа доделени Сертификати за успешно учество во обуката. Проектот е имплементиран во рамките на Регионалната програма за локална демократија во Западен Балкан (ReLOaD) која е финансирана од Европската унија (ЕУ), а имплементирана од Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП).

Истата оваа обука беше успешно реализирана и за поголемиот дел од ученици од прва, втора, трета и четврта година, кои исто така се здобија со Сертификати за учество.

**Семинар за наставници од Институтот Европа за тебе**

На 21 март 2019 година во просториите на СОЗШУ „Ѓорче Петров“ Кавадарци за предметните наставници се одржа семинар на тема: „Превенирање на насилното однесување во основните и средните училишта“. Семинарот беше во организација на Општина Кавадарци, а реализиран од страна на Институтот за европски образовни, социо-културни и економски политики Европа за тебе од Скопје. Реализатори на обуката беа професори, доктори по педагошки науки, правни науки, социолошки и психолошки науки. Обуката беше успешно реализирана, наставниците ги проширија своите знаења и се здобија со Сертификати за учество на семинар.

**Дисеминација на програмата на Џуниор Ачивмент - Македонија**

На 22.03.2019 година во просториите на училиштето се реализира дисеминација за програмата на Џуниор Ачивмент - Македонија. Презентери беа професорките по правни предмети: Слободанка Стојанова и Татјана Ралевска кои беа и учесници на таа обука.

Преку излагањата на презентерите, присутните професори имаа можност подетално да се запознаат со целокупната програма за училишните компании, за начинот на отварањето и затварањато на училишните компании, како и за придобивките од постоењето на училишните компании.

**Реализирана Erasmus+ работилница во Полска во рамките на проектот DIGITeachEUrope**

Во периодот од 25 до 30 март 2019 година се реализираше Erasmus+ работилница во Полска со партнерите на нашето училиште во рамките на проектот DIGITeachEUrope - developing digital learning environments for schools in Europe. На оваа работилница од нашето училиште присуствуваа: Директорката Невенка Поп-Ангелова, Христинка Косовска, проф. по латински јазик, м-р Зоран Милевски – проф. по информатика и Благородна Лазова – проф. по информатика. Работилниците се реализираа со партнер училиштата од Германија, Хрватска и Полска.

Во рамките на работилниците беа претставени повеќе техники на учење меѓу кои

Collaborative problem solving, Modern classroom, т.н. Escape Room, повеќе дигитални ИКТ алатки за подобрување на начинот на пренесување на знаење на учениците и поголема нивна мотивација и вклученост во обработката на новата наставна материја, како и утврдување на претходно наученото. Дополнително беше реализирана и 8 часовна работилница од тим претставници од глобалната организација Design for change, која што го култивира „Јас можам“ начинот на размислување кај децата.

### Трибина во училиштето на тема: „Спречување на насилство во училиштата“

Со цел пораката „НЕ за насилството во училиштето“ да допре до што поголем број на ученици, самостојниот инспектор за превенција при Полициската станица Кавадарци, Димитар Каракулев на 01.04.2019 година одржа уште една трибина на тема „Спречување на насилство во училиштата“. Трибината се одржа во кино салата на училиштето, а присуствуваа ученици од сите години. На трибината учениците добија сознанија што претставува насилно однесување во училиштата, како да се превенира насилното однесување и кои се последиците од ваквата ситуација. Трибините се организирани во рамките на проектот „Имплементација на Конвенцијата за детски права“ во компонентата „Имплементирање на индексот за детски права“ на Коалиција СЕГА.

### Дисеминација од Еразмус+ проектот DigiTeachEUrope

На 9 април 2019 година во кабинетот по информатика во нашето училиште се реализираше дисеминација за професорите од Еразмус+ проектот DigiTeachEUrope, Развивање дигитални средини за учење за училиштата во Европа. Работилницата ја одржаа Христинка Косовска, проф. по латински јазик, Благородна Лазова, проф. по информатика и м-р Зоран Милевски, проф. по информатика.

На оваа работилница беа пренесени и презентирани методите, алатките и техниките кои што беа споделени за време на размената на професори во Полска во периодот од 25 до 30 март 2019 година, како дел од стратегиското партнерство од проектот.

Беа претставени т.н. „Escape Room“ во образованието, Модерна училница, ИКТ алатки за модернизирање на часот и поттикнување на активноста кај учениците за време на часот.

### Дебата на тема „Европска Унија” со евроамбасадорот Самуел Жбогар

На 10.04.2019 година во Гимназијата „Добри Даскалов“ Кавадарци, во организација на Младинскиот образовен форум се одржа дебата на тема: „Европска Унија“ на која учествуваше евроамбасадорот Самуел Жбогар.

Учениците со воодушевување го прифатија овој предизвик да дискутираат, да ги изнесат своите размислувања за Европската унија, бенефитот од членството во неа, но и да постават прашања до евроамбасадорот Жбогар за сите нешта кои ги интересираат поврзани со ЕУ.

Се разговараше за најразлични теми од економија, екологија, образование и здравство. Амбасадорот го прими и директорката на Гимназијата Невенка Поп Ангелова со која дискутираа за актуелните состојби во образованието, за нови проекти и секако за

подобрување и унапредување на образовниот процес.

На крајот, евроамбасадорот Жбогар се заблагодари на приемот и го изрази своето задоволство од големиот интерес на учениците, но и од прашањата кои ги упатија, а со кои беа опфатени сите сфери од живеењето. Ова беше успешна дебата на актуелна тема со која учениците разрешија голем број дилеми, го збогатија своето знаење кое секако ќе им помогне да изградат свој став, но и да се издигнат во вистински личности кои секогаш ќе се залагаат за подобар живот и посветла иднина за сите.

**II работилница од Еразмус+ проектот "Schools go digital" во Латвија**

Од 11 до 17 април 2019 година во Латвија се одржа втората работилница од Еразмус+ проектот „Schools go digital" на која учествуваа претставници од Гимназија „Добри Даскалов" Кавадарци. Работилницата се одржа во Техничкото училиште Ogres Tehnikums во градот Огре. Покрај учесниците од нашето училиште, учествуваа и ученици и професори од партнерски училишта од Латвија, Турција, Италија и Романија. Од нашето училиште на работилницата учествуваа Христинка Косовска, проф. по латински јазик и учениците: Ѓорѓи Стојков, Наташа Мустеникова, Елена Спирова, Александар Илиев и Цветанка Пасинечка.

На почетокот учесниците се претставија со презентации за училиштата, градот и земјата од која доаѓаат. Потоа, се запознаа со ресурсите на Техничкото училиште од Огре, Латвија, кое беше домаќин на средбата. Во текот на обуката учесниците имаа работилници за креирање 3D објекти, дигитални алатки за мултимедиа и лабораториски вежби по физика и хемија.

**Обука за наставници за Смарт табла**

На 16 април 2019 година во просториите на училиштето се одржа обука за наставници за користење на Смарт табла. Обуката беше спроведена од страна на Димитар Ангелов наставник по стручни предмети од СОУ „Киро Спанџов-Брко" Кавадарци.

**Семинар за наставници од Институтот Европа за тебе**

На 18 април 2019 година во просториите на СОЗШУ „Ѓорче Петров" Кавадарци се одржа семинар за наставници на тема: „Интерактивни модели за развивање на педагошките компетенции на наставниците". Семинарот беше во организација на Општина Кавадарци, а реализиран од страна на Институтот за европски образовни, социо-културни и економски политики Европа за тебе од Скопје. Реализатори на обуката беа професори, доктори по педагошки науки, социолошки науки и магистер по комуникациски вештини. Обуката беше успешно реализирана, наставниците беа задоволни од учеството, истите ги проширија своите знаења и се здобија со Сертификати за учество на семинар.

**Работилница на тема: „Моја одлука-твоја одлука"**

На 19 април 2019 година, како дел од активностите предвидени со Ресурсниот пакет за ученичко учество и заштита на детските права, проф. по историја Наташа Матакова реализираше работилница на тема: „Моја одлука-твоја одлука". На оваа работилница учествуваа 20 ученици од втора година. Преку работа во парови и групи, учениците се запознаа со детските права кои се дел од Конвенцијата за детски права и ја истакнаа

нивната важност.

**Дебата на тема: „Традиционална или современа настава“**

На 24 април 2019 година во кино салата на училиштето се одржа дебата на тема: „Традиционална или модерна настава“. Оваа дебата е организирана во рамките на Ресурсниот пакет од проектот на Коалиција СЕГА, со цел да се мотивираат учениците да ги изнесат нивните мислења на современ и демократски начин. Дебатата беше организирана од страна на проф. по историја Наташа Матакова и проф. по македонски јазик и литература Васка Петкова. Носители на оваа дебата беа учениците од втора година. По бурното излагање дебатата заврши со предност на модерната настава.

**Обука од проектот: „Препознај, превенирај и примени мерки за безбедност“**

Од 17 до 19 мај 2019 година во Струга се одржа обука за наставници од проектот: „Препознај, превенирај и примени мерки за безбедност“. Овој проект е во организација на Коалиција на младински организации СЕГА, поддржан од ЕУ во рамките на проектот: „Стратешки партнерства за развивање на социјална агенда за промени: „Препознај, почитувај и остварувај права“ спроведуван од Здружението за акција против насилство и трговија со луѓе Отворена Порта. На оваа обука од нашето училиште учествуваше проф. по економски предмети Жанета Делова.

**Реализирани работилници од проектот БАСТИОН**

Во текот на второто полугодие во соработка со Бизнис Академија Смилевски од Битола во нашето училиште се реализираше проектот насловен како „Бастион“ кој е поддржан од грант програмата за зајакнување на соработката меѓу училиштата и деловната заедница на Министерството за образование и наука.

Цел на програмата е учениците да се стекнат со развивање на вештини за тимско решавање на проблеми.

Се одржаа низа обуки во кои беа вклучени 130 ученици поделени во 5 групи. Секоја обучувачка работилница содржи пленарен теоретски инпут, самостојна работа на тимовите и завршна пленарна презентација како рефлексија на сработеното. Предвидената програма со партнер компанијата БАС комплетно беше реализирана.

Во месец јуни 2019 година беше одржана и завршната работилница во БАС Битола каде наставниците и учениците присуствуваа и ги презентираа завршните проектни активности при што се направи и евалуација на проектот.

И учениците и наставниците постигнаа значителни подобрувања во следните области: градење на вештини за решавање на проблеми, вештини за проектен менаџмент, тимска работа, анализа на работата, развивање на креативност и иновативност, развивање на доверба и одлучување, планирање и организирање, мотивација, комуникациски вештини и вештини за вреднување.

Сметаме дека очекуваната корист од оваа програма е повеќекратна. Развивањето на меките вештини на учениците со оваа програма е на солидно ниво за идните вработувања и вклучувања во деловната заедница, а за наставниците подготовка и нов поглед во реализацијата на наставните планови и програми и можноста за нов пристап кон развивање на овој вид на вештини и компетенции.

### Дисеминација од проектот „Препознај, превенирај и примени мерки за безбедност“

На 07.06.2019 година во просториите на училиштето се одржа дисеминација за предметните наставници на тема: „Превземање мерки против насилство од страна на наставниците“. Обуката ја спроведе Жанета Делова – проф. по економски предмети и член на тимот од Ресурсниот пакет. Оваа обука е дел од проектот „Препознај, превенирај и примени мерки за безбедност“ на Коалицаја СЕГА. Наставниците беа запознати со видовите насилство, како и начини и мерки за превенција од насилство.

### Летна школа Euroclio

Од 15 до 18 август 2019 година во Подгорица, Црна Гора, се одржа летна школа во рамките на проектот: The Balkans – cross roads of civilizations“. Овој проект е организиран од Euroclio – Европска асоцијација на наставници по историја. На оваа летна школа од нашето училиште присуствуваше проф. по историја Наташа Матакова.

### Обуки за реализација на модуларни наставни програми

Од 20 до 29 август во Скопје се одржаа повеќе обуки за наставници кои предаваат во прва година во стручното образование во економско-правна и трговска струка за насоки за планирање на воспитно-образовната работа за конкретна наставна програма. Овие обуки се дел од проектот за развивање вештини и поддршка на иновации (SDISP) – модернизација на техничкото образование. На обуките беа присутни наставниците: Благородна Лазова, проф. по информатика, Драган Вељковиќ, проф. по музичка уметност, Јасмина Чулева, проф. по англиски јазик, Фиданка Илова, проф. по математика, Костадин Прокопов, проф. по македонски јазик и литература, Светлана Несторова-Мицев, проф. по француски јазик, Ванчо Кеков, проф. по ликовна уметност, Славе Попов, проф. по граѓанско образование, Слободанка Стојанова, проф. по правни предмети и Татјана Ралевска, проф. по правни предмети.

### Обука за вработени за безбедност и здравје при работа

На 29 август 2019 година во кино салата на училиштето се одржа обука за сите вработени во гимназијата на тема: „Безбедност и здравје при работа“. Обуката беше реализирана од страна на Друштвото за техничко испитување, контрола и анализа „Технички институт Македонија“ од Неготино.

<u>Одбележување значајни датуми</u>

### Учество на гимназијалците во Вински карневал на „Тиквешки гроздобер 2018“

По повод манифестацијата „Тиквешки гроздобер 2018“, наши ученици зедоа активно учество во Винскиот карневал кој се одржа на 9 септември 2018 година во нашиот град. Двете поставки кои продефилира на кавадаречкиот плоштад беа составени од соодветно костимографирани ученици на теми од мјузиклите: Dancing Queen и Руска романса. На учениците од драмската секција им припадна честа да го завршат карневалот со соодветен перформанс кој претставуваше прослава на виното и грозјето низ вековите до денес. Учеството

на Тиквешкиот гроздобер беше под менторство на проф. по македонски јазик и литература Кочо Кочов.

## 15 Септември – Светски ден на чистење

По повод Светскиот ден на чистење 15 септември, Министерството за образование и наука и оваа година продолжи да ја спроведува националната акција за чистење на отпадот на цела територија на Република Македонија. На овој ден, милиони волонтери од 150 земји од светот ќе се обединат да ја исчистат животната средина во еден ден. Акцијата е поддржана од повеќе владини и невладини институции, како на пример: Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за здравство, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Црвен крст, Дирекција за заштита и спасување, Гоу Грин, Агенција за млади и спорт и други.

Во пресрет на Светскиот ден на чистење училиштето заедно со членовите на еко-одборот организираше еколошка акција за чистење во училиштниот двор.

Заедно со учениците, а под менторство на Богде Коцева – професор по биологија, Јасминка Ризова – училиштен педагог и Илија Шиков – професор по спорт и спортски активности, беше исчистен дворот на учениците од отпад и суви лисја. Собраниот отпад беше уредно собран во вреќи за собирање смет и фрлен на соодветно место во контејнери.

Другата активност беше поврзана со собирање стара хартија за рециклирање. Учениците ја собраа старата хартија во посебни контејнери назначени за селектирање отпад, кои претходно беа поставени во училиштниот двор од страна на ПАКОМАК Скопје.

Исто така, однапред беше подготвен текст за Светскиот ден на чистење, со цел да се подигне свеста кај сите нас за правилно управување со отпадот и обезбедување чиста и здрава животна средина. Овој текст беше дискутиран во сите паралелки на класниот час.

Училиштето ќе продолжи и понатаму активно да се вклучува во сите акции и кампањи иницирани од Министерството за образование и наука, како и од програмата „Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем“ и од други владини и невладини организации.

## Одбележан патрониот празник на училиштето

На 13 октомври 2018 година со положување на цвеќе пред бистата на патронот Добри Даскалов и свеченост во фоајето на Гимназијата, се одбележа патрониот празник на училиштето.

Програмата започна со изведба на химната од страна на училишниот хор. Потоа директорката на гимназијата г-ѓа Невенка Поп-Ангелова ги поздрави присутните гости и накратко се осврна на животниот пат на тиквешкиот војвода Добри Даскалов, но и за успесите на кавадаречките гимназијалци кои секоја година ги освојуваат првите места на државни и меѓународни натпревари.

Следуваше изведба на композицијата „За овој свет” од училишниот хор и оркестар и дел од ораторската програма „Сите лица на животот” во кои учествуваат ученици од II до IV година. По завршувањето на културно-уметничката програма присутните ги проследија класните натпревари во кошарка и фудбал на спортските терени.

Со ова програма достојно се одбележа патрониот празник на училиштето, а пред нас е една нова година која треба да биде многу поуспешна со повеќе освоени награди и признанија од учениците.

## Ораторство „Сите лица на животот“

По повод 25 октомври - Европскиот ден на граѓанската правда, наши ученици подготвија програма со наслов „Сите лица на животот“, во чест на починатата професорка по правни предмети Пандорка Јосифова од нашето училиште.

„Да се сака светот и животот, да се сака и покрај страдањата, со благодарност да се прифати секој сончев зрак и дури и во болката да не се заборави на насмевката - тој принцип никогаш нема да застари и денес е повеќе од кога и да е потребен и добредојден“- со овие зборови учениците им се обратија на присутните професори и гости.

Ораторите говореа за сите лица на животот: детство, безгрижност, пријателство, хуманост, трудољубивост, алтруизам, знаење, љубов, професионалност, добрина, среќа, тага, борба... Говореа за жената, нејзината сила и кршливост, говореа за нејзините права. Преку моќта на зборот ги потсетија присутните дека најважно во животот на човекот е семејството и љубовта во него.

Говореа за амбициите и соништата: „Вие сте родени со потенцијал. Вие сте родени со добрина и доверба. Вие сте родени со идеи и соништа. Вие сте родени со величественост. Вие сте родени со крилја. Не сте замислени да лазите, па затоа немојте. Вие имате крилја. Научете ги да ги користите и летајте“.

Авторските текстови на учениците беа проткаени со моќни мисли и стихови од светската литературна ризница.

„Храброста не е секогаш татнеж. Храброста понекогаш е тивкиот глас кој на крајот од денот шепоти: „Ќе се обидам повторно утре“.

Младите оратори ја сфатија магијата на зборот: „Подигни ги твоите зборови, а не твојот глас. Дождот е тој што прави цвеќињата да растат, а не грмотевиците“.

На крајот наместо поздрав просторијата ја исполнија зборовите: „Животот никогаш не смее да биде слава само на живите, зашто и мртвите некогаш биле живи, зашто и живите еднаш ќе бидат мртви и голем грев е нивната врска да се прекине. Смртта е врата, исто како и љубовта. Во иста вселена сме, во иста куќа, само поминуваме од една одаја во друга“.

Во проектот учествуваа ученици од втора, трета и четврта година: Драган Андреевски, Ѓорѓи Стојанов, Стефан Попов, Ѓорѓи Ристов, Кристина Костадинова, Марија Глигорова, Андонија Тодорова, Владанка Аврамова, Стефанија Тодорова, Смиља Бошкова, Ана Новеска, Слободан Јовановиќ, Бранкица Несторовска, Елена Павлова и Душица Колева. Учениците работеа под менторство на професорите Душанка Иванова и Васка Петкова.

Младите гимназијалци кои ги видовме во улога на оратори покажаа достоинство, знаење, почит и желба секоја година во училиштето да се одржува ораторство во кое ќе ги покажат своите говорни вештини.

## Светски ден на Филозофијата

На 15 ноември 2018 година во Скопје на Филозофскиот факултет се организираше свеченост по повод Светскиот ден на филозофијата, на која што свеченост присуствуваше проф. по филозофија Елизабета Бошкова. На оваа свеченост беше одржана трибина на која се говореше за неколку иманентни филозофи.

## Меѓународен ден на толеранцијата

По повод 16 ноември - Меѓународниот ден на толеранцијата, во периодот од 15 ноември до 20 ноември 2018 година во нашето училиште се реализираа повеќе активности. Беше изработен постер - плакат со пораки за негување и практикување на толеранцијата, а се реализираа и едукативни работилници за превенција од врсничко насилство од страна на психологот на училиштето Душанка Иванова.

Под менторство на психологот, ученичките Бранкица Несторовска и Елена Павлова од 3-7 клас, изготвија флаер на тема: „Не, на врсничкото насилство“ и истиот им беше поделен на учениците.

## Недела на еколошки акции

По иницијатива на директорката на гимназијата г-ѓа Невенка Поп-Ангелова, од 18 до 22 март 2019 година, во училиштниот двор се реализираа низа еколошки акции за чистење.

Овие акции се реализираа секој ден во двете смени заедно со учениците и наставниците, како и помошно-техничкиот персонал во училиштето. Еколошките акции опфаќаа: собирање на суви листови, чистење на дворот од суви и искршени гранки, изнесување и фрлање на сметот од училишниот двор и фарбање на оградата околу училиштето.

Учениците под менторство на наставниците примерно и одговорно ги реализираа задачите кои произлегуваа од еколошките акции. Во спроведувањето на активностите ни помогнаа и претставници од ЈП Комуналец Кавадарци кои донесоа метален контејнер за соборање на сметот.

Во склоп на еколошките акции, активно беше одбележан и 21 март, Денот на екологијата. Учениците покрај чистењето на училиштниот двор, направија пано со пораки, слики и текстови за зачувување и одржување на чиста животна средина. Исто така, на овој ден беше засадено и зимзелено дрво кое беше донација за училиштето од компанијата Пинус ДООЕЛ од Кавадарци.

Во овие еколошки акции учествуваа учениците од: 1-5 клас, 1-6 клас, 1-7 клас, 2-1 клас, 2-2 клас, 2-3 клас, 2-5 клас, 2-6 клас, 2-7 клас, 3-2 клас, 3-3 клас, 3-4 клас, 3-5 клас и 4-6 клас, под менторство на наставниците: Богде Коцева, Јасминка Ризова, Елизабета Иговска, Татјана Ралевска, Александра Ристова, Блашко Клинчаров, Кочо Кочов, Ѓорѓи Велков и Гордана Еленова.

## Еко-работилница

По повод Светскиот ден на планетата Земја на 22 април 2019 година се реализираше еко-работилница со ученици од трета година. Работилницата беше организирана и спроведена од страна на проф. по историја Наташа Матакова, Јасминка Ризова – училиштен педагог и проф. по билогија Богде Коцева. Најпрво, се започна со запознавање на денот на планетата земја, при што беше прочитан текст за запознавање, информирање и проширување на знаењата на учениците за Светскиот ден на планетата Земја. Потоа, учениците поделени во групи визуелно и текстуално ја претставија заштитата на планетата Земја.

Работилницата заврши успешно, а учениците беа видно задоволни што присуствуваа на истата, при што споделија и научија нови нешта.

Исто така, ученици од трета година под менторство на училиштниот педагог Јасминка Ризова и проф. по биологија Богде Коцева во холот на училиштето изготвија и уредија пано со слики, цртежи и пораки за заштита на планетата Земја.

<u>Проекти</u>

**Еразмус+**
**„DIGITeachEUrope – developing digital learning environments for schools in Europe"**

И оваа учебна година се продолжи со активностите предвидени со програмата на проектот.

Националната агенција за европски образовни програми и мобилност од програмата Еразмус+ одобри два нови проекта кои ќе бидат имплементирани во училиштето во следните три години. Проектите се **DIGITeachEUrope – developing digital learning environments for schools in Europe** и **RAINBOW - Right Attitude IN Building Our World**. Координатор на проектите е Христинка Косовска, професор по латински јазик.

Проектот **DiGiTeachEUrope** има главна цел да ги развие дигиталните околини за учење во училиштата во Европа. Главен фокус на проектот е обука на професорите да ги подготват учениците за сегашното и идното општество и да ги оспособат активно и одговорно да учествуваат во културниот, општествениот, политичкиот, професионалниот и економскиот сегмент од животот.

Цел на проектот е развивање на соодветни материјали, алатки, апликации и отворени едукативни ресурси што би ги поткрепило наставниците да ги развијат комуникациските вештини, креативност и критичкото размислување кај учениците, како и размена на искуство и добра практика, научни, методолошки/дидактички пристап и влог.

**Еразмус+**
**„RAINBOW - Right Attitude IN Building Our World"**

Согласно целите и задачите, во оваа учебна година се реализираа активностите од овој проект од програмата Erasmus+.

Проектот **RAINBOW - Right Attitude IN Building Our World** има цел обезбедување на правото за квалитетно образование на ученици од училиштата во Европа, вклучувајќи ги и оние во неповолна положба, преку пронаоѓање на наставни планови и програми, како и иновативни стратегии кои ги спојуваат формалните и неформалните методи.

Поектот ќе им овозможи на учениците да ги развијат своите социјални, граѓански и интеркултурни вештини. Како цел се јавува и развивањето на критичкото размислување кај учениците, борење против дискриминацијата.

И овој проект е одобрен од страна на Националната агенција за европски образовни програми и мобилност, а училиштен координатор на проектот е Христинка Косовска, професор по латински јазик.

**Проект „Програма за проучување на културното наследство на земјите"**

Во периодот од 4 до 9 февруари 2019 година во Португалија нашето училиште започна да го реализира Еразмус+ проектот „Програма за проучување на културното наследство

на земјите".

Проектот HELP - Heritage Education Learning Program е во рамките на програмата Еразмус+ стратегиско партнерство со рок на реализација од 2 години. Првата мобилност и средба се реализира кај партнер училиштето Agrupamento de Escolas Camilo Castelo Branco во градот Nova de Famalicão, Португалија. Во проектот учествуваат училиштата: Galatasaray Lisesi од Истанбул, Турција и Escola Secundária da Ribeira Grande од островот Ribeira Grande, Португалија.

Целта на проектот е проучување и проширување на знаењата за културните наследства на земјите со акцент на креирање на презентации, видеа и останати содржини за промоција на културните наследства.

На првата работна средба присуствуваа учениците: Добринка Сотирова од III-3 клас, Ненад Петрески од III-3 клас, Селма Бегани од III-5 клас, Стефан Попов од IV-2 клас, Ѓорѓи Ристов од IV-2 клас и Даниел Џуланов од IV-5 клас заедно со Христинка Косовска проф. по латински јазик и Зоран Милевски проф. по информатика. Во периодот на подготовка беше објавен повик за пријавување на ученици - учесници кои имаа задача да креираат лого според правилата на проектот, и според реализираните логоа и добиените поени беа избрани горенаведените ученици.

**Проект: Имам став!**

Оваа учебна година почнувајќи од второто полугодие во нашето училиште почна да се спроведува проектот Имам став!. Овој проект е во организација на Собрание на Република македонија – Парламентарен институт. Целта на овој проект е наставниците и учениците да ги подобрат вештините за водење дебата, да осознаат како се спроведува постапка за донесување на закон и детално да се запознаат со функционирањето на Парламентот и Комисиите во Собранието на Република Македонија. Во проектот беа вклучени ученици од трета и четврта година, под менторство на проф. по правни предмети Александра Ристова и проф. по филозофија Елизабета Бошкова. Активностите беа реализирани како работилници одржани во училиштето и завршен настан – презентација на готовиот производ во Собранието на Република Македонија.

**Проект со Шведска**
**Заеднички активности со гимназијата „Курт Николин“ од Финспанг, Шведска**

И оваа учебна година продолжува неколкугодишната меѓународна успешна соработка на Гимназијата „Добри Даскалов“ Кавадарци со Гимназијата „Курт Николин“ од Финспанг, Шведска.

Имено, во периодот од 25 март до 5 април 2019 година ученици од Гимназијата „Курт Николин“ заедно со ученици од нашата гимназија работеа на заеднички проект при што изработуваа видеа од посетите на повеќе културно-историски места и компании од нашиот регион.

Соработката беше заокружена со завршен настан помеѓу партнерските училишта каде беа претставени продуктите на учениците од имплементирањето на проектот. На настанот со свој говор за успешната соработка се обратија Директорот на Гимназијата „Курт Николин“ од

Финспанг, Андерс Содергрен и Директорката на Гимназија „Добри Даскалов“, Невенка Поп-Ангелова, како и професорот во Шведската гимназија Златко Каров. На завршниот настан Директорот Андерс Содергрен објави дека Гимназијата „Курт Николин“ од Финспанг, Шведска им доделува стипендии на ученици од нашата гимназија за еднонеделен престој и размена на искуство во Шведската гимназија.

**„Заштита на правата на децата во училиштата“**

Продолжи да се спроведува проектот „Заштита на правата на децата во училиштата“. Овој проект е дел од поширокиот проект „Имплементација на Конвенцијата за правата на детето во Р.Македонија“ кој го спроведува Коалиција на младински организации СЕГА, подржан од детската фондација Песталоци. Локален координатор на проектот е Младинскиот Информативен Центар „Инфо Сега“. Училиштен координатор на проектот е проф. по историја Наташа Матакова.

**„Moodle“**

Проектот Moodle продолжи да се реализира и оваа учебна година во наставата. Проектот има за цел подобрување, унапредување и модернизирање на наставниот процес во училиштето.

„Moodle“ претставува систем за Е-учење којшто е од затворен тип и достапен само за учениците и наставниците во СОУ Гимназија „Добри Даскалов“.

Системот за Е-учење Moodle го администрира Зоран Милевски, проф. по информатика.

Покрај предметните наставници коишто ја користат оваа алатка од самиот почеток, се вклучуваат и нови колеги кои не посетувале претходна обука и на кои им се пружа потребна техничка подршка од страна на професорите по информатика.

Најчесто наставниците изготвуваат тестови на знаења, поставуваат презентации и друг вид на материјали потребни за реализирање на наставата, квизови и сл.

**„Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем“**

Целта на овој проект е заштита на животната средина и нејзина интеграција во воспитно-образовниот систем. Оваа програма ја спроведуваат Здружението на граѓани ОХО, Министерството за образование и наука и швајцарската агенција за развој.

Согласно проектот: „Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем “ во текот на првото полугодие беа реализирани следните активности:

- Чистење на училиштниот двор,
- чистење на спортските терени,
- чистење на отпадот во училиштниот двор,
- обновување на старите пораки во училиштето на тема екологија,
- пишување нови пораки од ученици за екологија.

Проектот е наменет да се подобри изгледот на околината во која учиме и работиме, да се развие еколошката свест, како и грижа и чување на околината од страна на учениците.

**Проект „Советување на родители - родителска школа“**

Во рамки на проектот „Советување на родители-родителска школа“ во текот на учебната година беа одржани едукативни советодавни средби со 110 родители на ученици поради

неуспех во наставата односно 3 или повеќе слаби оценки, нередовност односно над 10 неоправадани и над 100 оправдани изостаноци и несоодветно однесување на ученици.

**„Проект за меѓуетничка интеграција во образованието“**

Овој проект продолжува да се реализира во нашето училиште. Целта е кај учениците од различна етничка, полова и социјална структура да се развие кретивно изразување и поврзување, запознавање со културата на другите етнички заедници, надминување на родовите, етничките и социјалните предрасуди и стереотипи.

Проектот го спроведува УСАИД во соработка со партнер организациите Македонскиот центар за граѓанско образование (МЦГО) и Македонски Институт за Медиуми (МИМ).

Со овој проект се реализираат повеќе активности, како на пример:

- Планирање на активностите за МИО во Годишната програма на училиштето;
- Вметнување на активности за МИО во годишните и тематските планирања на наставниците;
- Вклучување на родители, ученици и наставници во МИО активностите.

**Проект „Условен паричен надоместок“**

Проектот „Условен паричен надоместок" го спроведуваат Министерството за труд и социјална политика, Центрите за социјална работа, Министерството за образование и наука, средните училишта и Министерството за финансии, согласно со Прирачникот за администрирање на Програмата за условен паричен надоместок за средно образование. Проектот има за цел да го подобри пристапот и квалитетот на образованието, да го зголеми бројот на ученици запишани во средното образование од домаќинства корисници на социјална парична помош, како и да го поттикне и подобри реализирањето на задолжителното средно образование во Република Македонија.

Во текот на првото полугодие, односно во првиот мерен период, од нашето училиште само 1 ученик беше корисник на условниот паричен надоместок. Со него се водеше советодавен разговор за важноста на редовноста и успехот во наставата.

<u>Други активности</u>

**Крводарителска акција**

На 19 септември 2018 година и на 5 март 2019 година во нашето училиште се спроведоа акции за дарување на крв за учениците од трета и четврта година. И оваа година учениците ја искажаа својата хуманост и солидарност и несебично даруваа крв за да се спаси нечиј живот. Акцијата беше успешно организирана и реализирана од страна на Републичкиот завод за трансфузиологија од Скопје и О.О Црвен крст од Кавадарци.

Крвта е незаменлив лек, секојдневно потребна за да се продолжат многу животи.

**Одржана Првата конститутивна седница на Ученичкиот парламент**

По изборот на класни заедници кој се изврши во текот на месец септември, на 4 октомври 2018 година се одржа Првата конститутивна седница на Ученички парламент за

учебната 2018/2019 година. На Првата конститутивна седница присутните беа запознати со функцијата и структурата на на Ученички парламент, како и за начинот на избор на претседател, заменик претседател и секретар на Ученички парламент во нашето училиште.

Формирањето на Ученички парламент се врши во рамките на проектот „Дете правобранител“ кој е дел од поширокиот проект „Имплементација на Конвенцијата за правата на детето во Македонија“ на Коалиција на младински организации СЕГА, подржан од детската фондација Песталоци. Овој проект предвидува демократски модел на избор на Ученички парламент преку тајно гласање.

Седницата ја водеше ученичката Кристина Костадиновска, а на седницата присуствуваа наставниците кои се членови на Ресурсниот пакет.

**Избран Претседател на Ученичкиот парламент**

На 10 октомври 2018 година се одржа Втората седница на Ученичкиот парламент на која беше избран претседател и заменик претседател на Ученичкиот парламент за учебната 2018/2019година.

По упатениот Повик на Првата конститутивна седница на Ученичкиот парламент за избор на претседател на Ученичкиот парламент се пријавија три кандидати: Моника Коцх од трета година, Ѓорѓи Стојанов и Филип Липтов од четврта година.

Учениците се претставија пред присутните со програма за работа на Ученичкиот парламент и ги истакнаа причините кои ги мотивирале да аплицираат за оваа функција. По извршениот избор преку тајно гласање за претседател на Ученичкиот парламент за учебната 2018/2019 година членовите на Ученичкиот парламент повторно довербата му ја дадоа на минатогодишниот претседател Ѓорѓи Стојанов, а ученикот Филип Липтов беше избран за заменик претседател. На присутните им се обрати Директорката Г-ѓа Невенка Поп Ангелова, а на претседателот и заменик претседателот им посака успешна работа.

**Ученици во посета на Основниот суд во Кавадарци**

На 18 октомври 2018 година учениците од II-7 клас во рамките на наставните часови по наставниот предмет Практична настава со предметниот наставник Татјана Ралевска ги посетија просториите на Основниот Суд во Кавадарци, каде што имаа можност да се запознаат со работата на судовите.

Пред учениците, излагање имаше Претседателот на Основниот суд во Кавадарци Зоран Јосифов кој подетално ги запозна учениците со надлежностите на Основниот суд Кавадарци, како и со дејствијата поврзани со административно-техничките работи на судот. Потоа учениците имаа можност да ги посетат просториите во граѓанскиот оддел и просториите во кривичниот оддел.

На 25 октомври 2018 година на Европскиот ден за граѓанска правда учениците од ll и IV година, со образовен профил правен техничар заедно со проф. Татјана Ралевска беа во посета на Основниот Суд Кавадарци. Пред учениците, свое излагање за судството во Р. Македонија имаше Судијката Лилјана Ситниковска. Потоа за медијацијата и медијаторството во Р.М зборуваше Медијаторката Роза Алексовска. На големо задоволство кај учениците, а во согласност со законските и останатите правни прописи, тие имаа можност да следат и судска постапка од работен спор каде што овластен судија за овој

спор беше Судијката Лилјана Ситниковска.

### Учениците од II-3 клас во посета на Музејот на илузии и 3Д кино Cineplexx

На 24 октомври 2018 година учениците од II-3 клас заедно со класниот раководител Соња Попова беа во посета на Музејот на илузии и 3Д кино Cineplexx во Скопје. Минатата година во месец март (акција - месец за борба против изостаноци) како клас имаа направено најмалку изостаноци и затоа беа наградени со превоз и еднодневна екскурзија по нивна желба. Се надеваме дека и оваа година месец март, ќе биде месец во кој што повеќе класови ќе успеат да го намалат на минумум бројот на изостаноци во класот.

### Посета на DMM Dräxlmaier во Кавадарци

Учениците од IV-6 клас од профилот економски техничар кои го изучуваат предметот Менаџмент и дел од учениците од IV-7 клас од профилот правен техничар кои го изучуваат предметот Организација и Практична настава, заедно со проф. м-р Жанета Делова, проф. Татјана Ралевска и проф. Слободанка Стојановска на 26 октомври 2018 година ја посетија компанијата DMM Dräxlmaier во Кавадарци.

Учениците беа запознаени со почетоците на компанијата. Станува збор за семејна компанија Drexlmaier Group, основана во далечната 1958 година со главно седиште во Германија и со околу 70.000 вработени низ целиот свет, и тоа во Америка, Азија, Европа и Африка. Снабдуваат топ 100 автомобилски добавувачи меѓу кои се вбројуваат Audi, BMW, Bugatti, Cadillac, Jaguar, Lamborghini, Land Rover, Maserati, Mercedes-Benz, MINI, Porsche и Volkswagen.

Во Кавадарци започнува со работа во 2012 година и во моментот има повеќе од 5.000 вработени, кои рачно изработуваат ентериер, кабелски сетови, електрични компоненти за автомобилската индустрија изработени по барање на клиентот. Денес, компанијата Drexlmaier во Кавадарци е еден од најголемите работодавачи во земјата. Вработените имааат еднакви услови и исти стандарди, како во Кавадарци, така и во светот.

### Ученици од III година во посета на Музејот на град Кавадарци

Во месец октомври 2018 година по предметот Географија учениците од трета година беа во посета на музејот на град Кавадарци - единствениот во Р. Македонија за храна, вино и музика. Тематска целина предвидува изучување за Антропогени одлики, па учениците имаа можност да се запознаат со стариот начин на обработка на почвите (екстезивен), но и за другите географски културни наследства во Тиквешијата.

### Учениците од II година во посета на базенот Карпош во Скопје

На 3 ноември 2018 година група ученици од втора година го посетија базенот Карпош во Скопје. Учениците имаа можност 1 час да пливаат и да се дружат во топлата вода и пријатниот амбиент на базенот со олимписки димензии.

Користејќи ја кратката патека од 25 м дел од учениците ја увежбуваа и ја усовршија

техниката на пливање со граден стил. По завршувањето на активностите на базен учениците во своето слободно време го посетија трговскиот центар City Mall каде некои од учениците куглаа во кугланата.

Активностите беа во рамките на проектните активности на учениците од областа на Спортски активности, а под менторство на проф. Блашко Клинчаров.

Во периодот што следува ќе се реализираат и други активности што не се опфатени со редовната настава како што се: возење велосипеди, пешачење, планинарење, возење ролери и друго.

**Дабар 2018**

Во периодот од 12 до 16 ноември 2018 година се одржа онлајн натпреварот „Дабар 2018“ со учество од 261 ученик под менторство на професорите по информатика Зоран Милевски и Благородна Лазова.

**ДНК - основа на наследувањето**

На 28 ноември 2018 година ученици од III година ги претставија своите изработки - модели на ДНК, презентација, хамери во холот на училиштето се со цел подобро објаснување на наследувањето и ДНК структурата на секој организам. Оваа активност беше реализирана под менторство на проф. по биологија Елизабета Иговска.

**130 години од откривањето на електромагнетните бранови**

Во месец ноември 2018 година учениците од 3-1 клас под менторство на проф. по физика Живко Атанасов изработија паноа во холот на училиштето по повод годишнината од ова важно откритие за човештвото.

**Медиумски ден**

Во организација на Високата школа за новинарство и односи со јавноста заедно со средношколскиот весник „Медиум“, на 5 декември 2018 година се одржа четвртиот по ред Медиумски ден за средношколците од Македонија на кој учествуваа и нашите ученици од втора година.

Учениците ги посетија просториите на радио „МОВ“, весникот „Нова Македонија“ и „ТВ 21“ запознавајќи се со важноста на новинарството и влијанието на медиумите врз секојдневниот живот на луѓето и општеството. Вработените ги запознаа учениците со историјата и целта на својот медиум како и негативните последици на лажните вести.

Учениците имаа прилика да зборуваат на радио, да даваат интервјуа, а исто така беа и во улога на ТВ водители. При посетата на медиумите новинарите им ја пренесоа љубовта кон својата професија, надевајќи се дека можеби еден ден токму тие ќе станат нивни колеги.

**Посета на Локална самоуправа Кавадарци - Одделение за имотно - правни работи**

На 13 декември 2018 година учениците од II-7 и III-7 клас во рамките на наставните часови по наставниот предмет Практична настава со предметните наставници проф. Татјана

Ралевска и проф. Слободанка Стојанова ги посетија просториите на Локална Самоуправа Кавадарци одделение за имотно - правни работи во Кавадарци.

Учениците имаа можност да се запознаат со имотно - правните работи, со процесот за експропријација како и со архивското работење во ова одделение. Потоа вработените им покажаа практични примери преку кои учениците имаа можност подетално да се запознаат со сите специфичности кои се дел од имотно - правните работи.

**Посета на Локална самоуправа Кавадарци – Оддел за урбанизација**

На 17 декември 2018 година учениците од III година по предметот Географија беа во посета на Општината каде имаше предавање за урбанизацијата како светски процес.

На ова предавање посебно се потенцираше за инфаструктурата во нашиот град, дивите градби, тесните улици, недостиг од зеленило и паркови, паркинг места итн.

Учениците имаа голем интерес за оваа тема посебно со прашање до архитектите за новиот урбанистички план, каде и на кој дел од Кавадарци ќе се гради, но и последиците од прекумерна урбанизацијата која допринесува за загадување на нашата животна средина. Посетата беше реализирана со проф. по географија Фердинанд Чејков.

**Инфо – ден за Дете правобранител**

На 18 декември 2018 година во училишниот хол на нашето училиште, децата правобранители Кристина Костадинова и Ѓорѓи Ристов и нивните заменици Жанина Богевска и Стефан Стојанов реализираа Инфо - ден преку кој ја промовираа нивната функција. Преку разговор, делење флаери и тефтерчиња како пропаганден материјал учениците за време на големиот одмор во двете смени се информираа што претставува функцијата Дете правобранител, како да ги остварат и заштитат нивните права во училиштето. Во реализација на оваа активност учениците имаа поддршка од директорката, стручната служба и од професорката по историја Наташа Матакова. Сето ова е дел од поширокиот проект на училиштето Имплементација на Конвенцијата за правата на децата во Р.Македонија.

**Средба со Градоначалникот на Општина Кавадарци**

На 20 декември 2018 година учениците од II-7 и III-7 клас со образовен профил правен техничар во рамките на наставните часови по наставниот предмет Практична настава со предметните наставници проф. Татјана Ралевска и проф. Слободанка Стојанова остварија средба со Градоначалникот на Општина Кавадарци Господин Митко Јанчев.

Се дискутираше за повеќе теми, а акцентот беше ставен на задржување на младите образовани кадри во Кавадарци, како и во планирањата за развивање на Кавадарци во модерен град. Учениците имаа можност да поставуваат прашања за се што е во нивни интерес. На крајот од средбата Градоначалникот Митко Јанчев им вети на учениците дека во наредните денови тој ќе биде гостин во училиштето на што учениците му изразија големо задоволство и благодарност.

**Хуманитарна акција за децата во Дневниот Центар Кавадарци**

Ученичката заедница организираше хуманитарна акција со цел за заедничка дидактичка работилница за децата со попреченост од Дневниот Центар - Кавадарци. Како

предновогодишен подарок со средствата купија дидактички играчки и заеднички ги подредуваа и размислуваа, што предизвика голема радост и интерес обострано. Се пееја и новогодишни песни. На овој настан учествуваа и директорката Невенка Поп-Ангелова, проф. Елизабета Иговска и проф. Фиданка Илова.

**Ученици од III година во посета на ПС-ОН Кавадарци**

На 7 февруари 2019 година учениците од трета година по наставниот предмет Географија беа во посета на ПС-ОН Кавадарци. На оваа посета учениците беа запознати за сообраќајот во Кавадарци, возење под дејство на алкохол, мобилен телефон итн. Предавањето беше проследено со голем интерес.

**Активности со О.О Црвен крст Кавадарци**

Како и секоја учебна година, па така и оваа учебна година, наши ученици – волонтери активно се вклучија во активностите кои ги спроведува Општинската организација Црвен крст Кавадарци. Овие активности се реализираат согласно проектот ЦКА-ПХВ, Црвен крст во Акција-Промоција на хумани вредности. Идејата за овој проект датира уште од 1996 година и е имплементиран од страна на Црвен крст на Р.Македонија и Меѓународниот комитет на Црвениот крст. Проектот е одобрен и поддржан од страна на Министерството за образование и наука и Бирото за развој на образованието.

Главната цел на овој проект е вклучување на младите со различна етничка припадност во заеднички проекти за изградба на взаемното разбирање, толеранцијата и културата на дијалог. ЦКА-ПХВ проектот ги вклучува учениците во вежби со кои се афирмираат позитивните културни вредности. Младите стекнуваат едукација за препознавање на потребите на заедницата, изработка на проекти и самостојно организирање пракса на терен, преку директна помош на населението.

**Гимназијата доби прочистувачи за воздух**

На 27 февруари 2019 година гимназијата доби прочистувачи за воздух како донација од страна на Градоначалникот на Општина Кавадарци г-дин Митко Јанчев и компанијата Блу Ер од Скопје. Прочистувачите беа поставени во сите училници во училиштето, а на самиот ден на пуштањето на прочистувачите во употреба беа присутни, покрај Градоначалникот и претставници од компанијата.

Директорката на училиштето г-ѓа Невенка Поп-Ангелова заедно со професори од гимназијата изрази благодарност за вниманието и напорите на Градоначалникот на Општина Кавадарци за оваа донација со што се потврдува ветената соработка и помош од Локалната самоуправа Кавадарци.

**Потпишан Меморандум за соработка со ДТУ „ТД-ТД” ДООЕЛ, Кавадарци**

На 5 март 2019 година во просториите на ДТУ „ТД-ТД” ДООЕЛ, Кавадарци беше потпишан Меморандум за соработка помеѓу СОУ Гимназија „Добри Даскалов” Кавадарци и ДТУ „ТД-ТД” ДООЕЛ, Кавадарци.

Целта на потпишувањето на Меморандумот е унапредување на наставниот процес за учениците од економско-правна и трговска струка, образовен профил економски техничар, преку нивно вклучување со практична работа во реално трговско друштво, конкретно ДТУ „ТД-ТД” ДООЕЛ, Кавадарци.

На работниот состанок за потпишување на Меморандумот беа присутни: Трајче Иванов, сопственик и менаџер на друштвото, дипломиран правник вработен во друштвото, Невенка Поп-Ангелова, директор на гимназијата и професорите по економски предмети: Лоска Давчева, Костадинчо Петров и Жанета Делова.

Со сопственикот беа договорени активности во областа на изведување на практична настава за учениците од економско-правна и трговска струка, образовен профил економски техничар, со што учениците практично би се запознале со дејноста на ова трговско друштво, а истовремено и би учеле. Ова трговско друштво има широк опфат на активности во својата дејност, почнувајќи од набавно и продажно работење, магацинско работење, водење сметководствена евиденција за своето работење, работа со сметководствени документи и сл. Сите овие области на работење, учениците ги изучуваат во стручните наставни предмети и стекнуваат теоретско знаење.

**Кефир - природен јогурт и пробиотик**

На 13.03.2019 година во холот на училиштето од страна на учениците се направи презентација и дегустација на кефирот. Кефирот е млечно кисел производ од млечни бактерии и кефирни габички. Тој е подобрувач на здравјето на човекот, потекнува од Кавказ и дава добро здравје и долговечност. Учениците Бранко Еленов, Ана Клинчарова, Стојанчо Вангелов од II година и Анастасија Иловска од III година, под менторство на наставниците по биологија Елизабета Иговска и Богде Коцева, изготвија пано со текстови, слики и свеж производ – кефир. Се изврши и дегустација на кефир со учениците и наставниците од гимназијата, за што имаше различни коментар.

**Отворена патувачката изложба „100 години од Македонскиот фронт”**

На 14.03.2019 година во просториите на Музеј Галерија на град Кавадарци, а во соработка со СОУ Гимназија „Добри Даскалов“ Кавадарци, беше отворена изложбата насловена како „100 години од Македонскиот фронт”. Патувачката изложба е изработена од Асоцијацијата на наставници по историја на Македонија - АНИМ со финансиска помош и поддршка од Министерството за култура.

Патувачката изложба помина низ повеќе градови ширум нашата држава и остави силен впечаток меѓу присутните, опишувајќи го периодот на Првата светска војна. Патувачката изложба е поставена на 10 паноа, на кои се прикажани бројни сведоштва од Македонскиот фронт (текстуални и визуелни), а акцентот е ставен врз секојдневниот живот на луѓето, особено на цивилното население кое било зафатено од виорот на војната.

Целта на овој проект е да се потсетиме на воените дејствија кои се случувале на македонскиот фронт пред околу 100 години, како живеел обичниот човек во тој временски период на местото каде поминувала фронтовата линија.

Ученици од нашето училиште во улога на презентери со голема мотивираност и ентузијазам се потрудија да ја задоволат љубопитноста на посетителите во врска со темата. Изложбата во нашиот град е реализирана во организација на професорката по историја Наташа Матакова, која воедно и ја отвори изложбата.

**Учениците во посета на адвокатска и нотарска канцеларија**

На 14.03.2019 година учениците од клас ll-7 клас во рамките на наставните часови по наставниот предмет Практична настава со предметниот наставник Татјана Ралевска ја посетија Адвокатската канцеларија на Адвокат Милица Коцева.

Учениците имаа можност да се запознаат со дел од дејствијата поврзани со образување на судски предмет. Учениците се запознаа и со одредени дејствија кои се превземаат за спречување на малолетничка деликвенција.

Потоа, учениците ја посетија и Нотарската канцеларија на Нотарот Ристо Самарџиев, Нотар овластен за подрачјето на Општина Кавадарци. Нотарот детално ги запозна учениците за начинот на работа на нотаријатот и неговите овластувања. На крајот, учениците ги осознаа разликите и сличностите помеѓу Адвокатурата и Нотаријатот.

**Посета на Винарска визба „Тиквеш“ Кавадарци**

На 1.04.2019 година учениците од III година по предметот Географија и Иновации и претприемништво, беа во посета на Винарска визба „Тиквеш“ од Кавадарци. На оваа посета учениците беа запознати со новата технологија за производство на вино, продажбата на вино на сите континенти, географското место, регионот за одгледување на винова лоза. Учениците беа видливо заинтересирани и внимателно ја следеа презентацијата, а имаше и голем интерес за поставување на прашања од страна на учениците, на кои што прашања менаџерскиот тим на Винарска визба „Тиквеш“ со задоволство одговараше.

**Посета на Економски факултет – Прилеп**

На 4 април 2019 година учениците од IV-6 клас, економско-правна и трговска струка, профил: економски техничар, заедно со Лоска Давчева и Жанета Делова, професори по економски предмети, на покана на Економски факултет – Прилеп, реализираа посета на оваа високообразовна институција.

На оваа посета, учениците се запознаа со почетоците, развојот и дејноста на Економски факултет – Прилеп, кој функционира при Универзитет „Св. Климент Охридски” - Битола. Учениците топло беа пречекани од страна на Деканот, проф. Д-р Драгица Оџаклиеска и професори од факултетот. Потоа, учениците, заедно со професорите, направија разглед на работните простории на факултетот: амфитеатри, предавални, читална, библиотека, видео-конференциска сала и слично, со цел да се доближи до средношколците образовната дејност на оваа високообразовна институција.

На оваа работна средба, беше склучен Меморандум за соработка помеѓу Економски факултет – Прилеп и СОУ Гимназија „Добри Даскалов” Кавадарци. Во Меморандумот, меѓу другото, се наведува дека овие две образовни институции во иднина ќе соработуваат на повеќе образовни подрачја: организирање наставни часови од страна на професори од

факултетот, можност за користење стручна литература од факултетот, учество во заеднички проекти на двете образовни институции, изведување практична настава за средношколците итн.

Учениците беа задоволни од оваа посета, бидејќи ги проширија своите сознанија за високото образование и за тоа како е да се биде студент - улога во која ќе се најдат во блиска иднина.

## Образовна манифестација „Образовно рандеву 2019"

Образовната манифестацијата „Образовно рандеву 2019" се одржа на 12 и 13 април 2019 година во ОСУ „Мирко Милески" - Кичево. СОУ Гимназија „Добри Даскалов" Кавадарци, преку економско-правна и трговската струка, учествуваше на оваа образовна манифестација со вкупно 33 ученици и 9 наставници-ментори: Давчева Лоска, Иванова Душанка, Станоевска Љубица, Лазова Благородна, Ризова Јасминка, Коцева Богде, Велков Ѓорѓи, Клинчаров Блашко и Тимче Пецов, во следните категории: интервју за работа, јавно говорење, модна ревија, пинг-понг, баскет, серва, најдобра видео реклама, најдобра фотографија и најдобар филм.

Во категоријата „Модна ревија" ученичките: Ивона Тасева, Спасијка Димова, Сара Ристова, Мирјана Трипунова, Благица Темелкова, Ружица Димитрова и Наталија Палитова, под менторство на професорката Јасминка Ризова, освоија петто место.

Во сите категории, учениците остварија солидни резултати и притоа покажаа тимска работа, самодоверба, креативност, самоиницијативност, лидерски способности, организациски и комуникациски вештини, спортски дух... Преку овие вештини, учениците се оспособуваат за живот и работа.

„Образовно рандеву" е образовна манифестација со натпреварувачки карактер, организирана од МАССУМ (Младинска асоцијација на средни стручни училишта), Министерството за образование и наука, и USAID, наменета за учениците од средните стручни училишта во Република Македонија. Секоја година, СОУ Гимназија „Добри Даскалов" – Кавадарци, преку ЛМО „Млади лидери" при Гимназијата, активно зема учество во оваа манифестација, промовирајќи го училиштето и освојувајќи награди во одделни категории.

## Презентирани резултатите од проектот „Читај и меѓу редови"

По шестмесечно реализирање на проектните активности од медиумска писменост, беше одржана завршна работилница на проектот „Читај и меѓу редови" организирана од Фондација за локален развој и демократија Фокус Велес. Пред стотина ученици од Гимназиите во Велес и во Кавадарци, професори, директори, претставници на Граѓански здруженија и донатори, беа презентирани постигнатите резултати од проектот. Фондација Фокус ја исполни целта, помагајќи да се зголеми свеста кај младите за медиумска писменост и критички став.

Преку проектот учениците се едуцираа за тоа што е вистинита, а што лажна вест. Се запознаа со процесот на новинарската работа, излегоа на терен, снимаа, фотографираа, пишуваа и станаа дел од големото друштво на граѓански новинари. Учениците се интересираа за теми блиски на нивната возраст, но покажаа интерес и за секојдневните

проблеми со кои се соочуваат нивните сограѓани, посакаа што поскоро позитивни промени за сите.

Учениците од Гимназијата Добри Даскалов Кавадарци подготвија осум видео стории за актуелни проблеми во градот кои ќе се емитуваат на КТВ телевизија која е медиумски покровител на проектот. На завршната манифестација беа презентирани пред присутните и се дебатираше на тема: „Читај ја вистината-оттргни се од лагата“. Учениците учесници во проектот добија и флаери со препораки да внимаваат и да проверуваат што читаат и каде читаат какви било информации и да не дозволуваат да бидат изманипулирани.

**Посети на час**

Во текот на учебната година директорката на училиштето заедно со стручната служба, педагог и психолог, оствариja посети на час кај предметни наставници. Посетите на часовите се реализираа според однапред подготвен план. Посетените часови беа добро испланирани, подготвени и реализирани. Постоеше заинтересираност и активност од страна на учениците. За направениот увид на часовите стручната служба води уредна документација којашто се чува во професионалното досие на секој наставник.

**Проектни активности од областа на спортски активности**

Активот по Спорт и спортски активности во рамките на своите часови за проектна активност од областа на спортот во текот на учебната 2018/2019 година ги реализираше следните активности: Организација и учество на велосипедска парада по повод Светскиот ден без автомобили, организирани и реализирани 20 натпревари квалификации од Класните првенства во мал фудбал, отворање на лигите на Класни првенства во фудбал и кошарка, посета на лизгалиште, планинарска тура и посета на олимписки базен.

**Здравствено воспитување - Систематски прегледи**

Во однос на грижата и здравјето на учениците, во соработка со Училиштниот диспанзер, за учениците од прва и четврта година во месец ноември и месец декември во целост се спроведе систематскиот преглед за учениците. Систематските прегледи се задолжителни и бесплатни за сите ученици.

Согласно програмата Образование за животни вештини на класните часови и на часовите од други наставни предмети се дискутира за теми поврзани со здравјето на луѓето, хигиената и сл.

Исто така, во месец септември се спроведоа и санитарни прегледи за сите вработени во гимназијата.

**Есенски ден**

На 22 октомври 2018 година согласно планирањата во годишната програма за работа на училиштето во делот за екскурзии, се реализираше Есенски ден за сите вработени и сите ученици од гимназијата. Есенскиот ден беше изведен до локацијата Спомен – костурница во Градскиот парк во нашиот град Кавадарци. Есенскиот ден беше проследен со спортската активност – пешачење. Иако релацијата беше кратка, наставниците и учениците поминаа еден убав ден и заеднички се дружеа, притоа разговарајќи за разни теми од секојдневниот живот.

## Саем на книгата

Во месец ноември 2018 година професорите по македонски јазик и литература заедно со учениците од прва, втора, трета и четврта година го посетија Саемот на книгата што се одржа во градската библиотека „Феткин“ во Кавадарци.

## Март – месец на борба против изостаноци

Како и секоја учебна година, така и оваа година ученичката заедница во соработка со стручната служба, педагог и психолог, и раководниот тим, организираа акција за намалување на отсуствата на учениците. Акцијата започна на 1 март 2019 година и траеше до 1 април 2019 година. Преку соопштение на огласните табли, информирање од страна на класните раководители и изготвување на плакат за акцијата, сите учениците беа навремено запознати и информирани со оваа акција. Оваа активност предвидува и награда за паралелката со најмал број на изостаноци во месец март, како и награда за учениците без ниту еден изостанок во месец март.

Оваа учебна година паралелка со најмал број на изостаноци во месец март е 1-3 клас со направени 62 изостаноци или во просек 2,38 изостаноци. На ниво на училиште има вкупно 163 ученици без изостаноци во месец март. Паралелката и учениците ќе ја реализираат наградата на почетокот на учебната 2019/2020 година.

## Награда за учениците без изостаноци

На 8 мај 2019 година директорката на училиштето ги награди учениците кои немаа направено ниту еден изостанок во месец март во учебната 2017/2018 година и учебната 2018/2019 година, согласно акцијата за намалување на отсуствата Март – месец на борба против изостаноци.

Беа наградени вкупно 285 ученици без изостаноци и истите добија бесплатен билет за театарската претстава „Од кол на кол“ со жанр комедија во изведба на ученици од СОУ „Цар Самоил“ од Ресен, со кое што училиште се склучи и Меморандум за соработка. Претставата се одигра во Дом на култура „Иван Мазов-Климе“ Кавадарци.

## Посета на Славјански универзитет

На 29 март 2019 година наши ученици од завршната година на своето школување – матуранти, заедно со предметни наставници по одделни наставни предмети, беа во посета на Славјански универзитет во Битола за подетално запознавање и информирање на учениците со наставниот план и програма за студирање на овој универзитет.

## Посета на Универзитет за туризам и менаџмент

Во месец мај 2019 година учениците – матуранти беа во посета на Универзитетот за туризам и менџмент во Скопје. Учениците беа предводени од проф. по филозофија Елизабета Бошкова, проф. по правни науки Александра Ристова и проф. по економски предмети Костадинчо Петров. Матурантите имаа можност да го разгледаат универзитетот и подетално да се запознаат со програмите за студирање.

**Екскурзија за учениците од прва година**

На 12 и 13 мај 2019 година за сите ученици од прва година беше реализирана научно-историска екскурзија на релација: Кавадарци – Вевчани – Охрид – Битола – Кавадарци. Целта на оваа екскурзија беше учениците да ги прошират своите знаења и да посетат културно-историски знаменитости. Екскурзијата помина во најдобар ред, без никакви забелешки.

**Фестивал на Германскиот филм**

Од 13 до 16 мај 2019 година учениците заедно со проф. по германски јазик Васка Таневска остварија посета во киното за следење на Фестивалот на Германскиот филм.

**Франкофонска вечер**

На 18 мај 2019 година проф. по француски јазик Светлана Несторова-Мицев учествуваше на франкофонската вечер кој што се одржа во Гостивар.

**Учество на промоција на книга**

На 20 мај 2019 година беше реализирана посета во Дом на културата „Иван Мазов-Климе“ во Кавадарци заедно со учениците од 1-7 и 2-7 клас. Посетата беше за присуство на промоција на книгата: „Спомените на татко Ивче“ од авторот Аница Коловска, која говори за животот на авторката и мотивите за пишување на книгата. Учениците беа предводени од проф. по економски предмети Жанета Делова и проф. по правни предмети Татјана Ралевска.

**Предавање во домот на културата**

На 21 мај 2019 година ученици од прва, втора, трета и четврта година предводени од проф. по економски предмети Жанета Делова и проф. по правни предмети Татјана Ралевска, беа во посета на Дом на култура „Иван Мазов-Климе“ во Кавадарци на едукативно предавање. Предавањето беше на тема: „Предностите на раната детекција и третман на меланомот“. Предавањето беше спроведено од страна на д-р Јасмина Ѓорѓиевска-Павловска од Универзитетската клиника за пластична и реконструктивна хирургија.

**Екскурзија за учениците од трета година**

Во периодот од 22 до 28 мај 2019 година за сите ученици од трета година се реализираше повеќедневна завршна екскурзија на релација: Кавадарци – Венеција – Верона – Рим – Ватикан – Фиренца – Постојна – Кавадарци. Екскурзијата имаше едукативно-историски карактер. Сите претходно наведени места, локации и знаменитости во програмата беа посетени и реализирани. Учениците преку предавања од страна на лиценцирани туристички водичи се запознаа со природните, историските, географските и културните одлики на Италија и Р.Словенија. Сето ова придонесе за збогатување на знаењата на учениците и нивно дополнување со практични и искуствени сознанија, кои ќе им бидат корисни во понатамошното школување и живот. Преку реализација на оваа

завршна екскурзија, учениците ги проширија своите сознанија од повеќе наставни предмети. За целото времетраење на екскурзијата, учениците се придржуваа до Кодексот на однесување, истите беа примерни и културни во секој поглед. Сите ученици беа задоволни од посетените градови и места и се вратија назад со убави спомени.

**Планинарска тура**

На 31 мај 2019 година се реализира планинарска тура до одморалиштето Михајлово на Кожуф планина. На оваа планинарска тура учествуваа учениците: Рената Попова од 2-5 клас, Славица Костадинова од 2-5 клас, Саво Костадинов од 3-5 клас, Ѓорѓи Срњаков од 3-1 клас и Стефан Срњаков од 3-1 клас. Учениците беа предводени од проф. по спорт и спортски активности Ѓорѓи Велков.

**Состаноци**

Како и претходните учебни години, така и оваа година се одржаа повеќе состаноци на ниво на училиште: наставнички совети, совети на паралелките, состаноци со класните раководители, состаноци со претседателите на стручните активи, со менторите на проектните активности и слободни часови, со стручната служба, со учениците, со ученичката заедница, со комисии за патронен празник, со комисии за државна матура, состаноци со предметни наставници кои се вклучени во разни проекти и сл.

Состаноците беа со различен дневен ред во зависност од периодот и активностите што произлегуваа и следуваа. Состаноците ги водеше раководниот орган на училиштето во присуство на помошник директорот и стручната служба.

**Донација од ПакоМак**

Во текот на учебната година од друштвото за управување со пакување и отпад од пакување ПакоМак Скопје беа донирани контејнери за селектирање на отпадот за пластика, хартија и друг отпад. Истите беа поставени во училиштниот двор за учениците.

**Презентации од факултети**

Во текот на целата учебна година за учениците – матуранти од четврта година се одржаа низа презентации од речиси сите државни и приватни факултети. Презентациите се реализираа во кино-салата на училиштето и во училница во новиот дел на училиштето.

Сите матуранти имаа можност да се запознаат со планот, програмата, организацијата и структурата на високо-образовните институции и да ги добијат најважните информации кои ги нудат факултетите во нашата држава. Покрај power point презентации матурантите добиваа и рекламен материјал од факултетите.

**Матурска вечер**

Како и секоја учебна година, па така и оваа година на 16 мај 2019 година во ресторан „Ангро – Промет“ Кавадарци, се прослави четиригодишното школување на генерацијата матуранти 2015/2019 година. Вечерта беше исполнета со музика, играње, разговори, фотографирања и заедничко дружење на учениците и наставниците. Вечерта помина убаво, забавно и без никакви забелешки. На матурската вечер присуствуваа

директорката на училиштето, класните раководители на четврта година и дел од предметните наставници.

## Доделување Дипломи

На 19 август 2019 година беа доделени Дипломите на матурантите во нашето училиште. На сите матуранти класните раководители им посакаа многу успех и среќа во понатамошниот живот.

## Изготвување едукативни и промотивни материјали

Во текот на учебната година беа изготвени следните материјали:

- Флаер за учениците од прва година со кодекс за однесување и општи информации за училиштето,
- Флаер за Државна матура 2018/2019,
- Извештај за Анализа на успехот, редовноста и поведението на учениците на крајот од првото тримесечје во учебната 2018/2019 година,
- Статистички извештаи за Државен завод за статистика Велес,
- План за одржување дополнителна и додатна настава,
- Распоред за запишување на часовите во дневниците на паралелките за дополнителна и додатна настава,
- План за ментори на проектни активности и слободни часови во училиштето,
- Распоред за запишување на часовите на проектни активности и слободни часови во училиштето,
- Распоред за запишување на часовите од изборните предмети во дневниците на паралелките,
- Текст за работа на класен час на тема: „15 септември – Светски ден на чистење“,
- Текст за работа на класен час на тема: „Грип – превенција и лекување“,
- Текст за еко-работилница „22 Април – Светски ден на планетата Земја“,
- Распоред - термини за индивидуални разговори со родители,
- Покана за патрониот празник на училиштето,
- Честитки за Нова година,
- Банер за Erasmus+ програмата,
- Самоевалуација на училиштето,
- Развоен план на училиштето.

## Истражувања

- Анкета за социјалните и материјалните услови за живот и работа на учениците и нивните родители (за ученици од прва година),
- Анкета за професионална ориентација на ученици (за ученици од четврта година),
- Прашалник за ученици за изостанување од настава (за подрачје 2 од Самоевалуација),
- Прашалник за ученици (за подрачје 3 од Самоевалуација),
- Прашалник за наставници (за подрачје 3 од Самоевалуација),

- ЕСПАД истражување за ученици.

## Неработни денови во текот на учебната година

Во текот на учебната година неработни денови беа следните:

- 11.10.2018 година (четврток) Ден на народното востание,
- 23.10.2018 година  (вторник) Ден на македонската револуционерна борба,
- 26.04.2019 година (петок) Велики Петок,
- 29.04.2019 година (понеделник) Велигден,
- 30.04.2019 година (вторник) Ден на училиштето,
- 01.05.2019 година (среда) Ден на трудот,
- 24.05.2019 година (петок) Св.Кирил и Методиј,
- 04.06.2019 година (вторник) Рамазан Бајрам.

## 12. Заклучок

Од претходно изнесеното може да се истакне дека голем број активности и задачи од годишната програма за работа на училиштето се реализирани и извршени со потребниот квалитет и постигнати се поставените и очекуваните цели.

Компаративната анализа на постигнатиот успех на крајот од учебната година изнесува 4,25 и е повисок од минатата учебна година кога бил 4,16. Со предлог - мерките за подобрување на успехот очекуваме истиот да биде повисок.

Компаративната анализа на редовноста покажува дека изостанувањето на учениците е зголемено за 0,82 % во однос на минатата година. Оправданите изостаноци се зголемени за 1,16 % во однос на минатата учебна година, а неоправданите изостаноци се зголемени за 0,63 % во однос на минатата учебна година. Училиштето и понатаму ќе презема соодветни активности и мерки за подобрување и намалување на редовноста на учениците.

Компаративната анализа на поведението покажува дека е зголемен бројот на учениците со Примерно поведение, а е намален бројот на учениците со Добро и Незадоволително поведение во однос на минатата учебна година.

Во текот на учебната година реализирани се и активности кои не биле планирани со програмите на стручните активи и програмата на училиштето.

И во следната учебна година ќе продолжиме со реализирање на активности кои ќе го подобрат квалитетот на воспитно-образовната работа во училиштето.

Датум: Невенка Поп-Ангелова,
29.08.2019 година Директор
Кавадарци

Изготвиле,
Душанка Иванова – психолог
Јасминка Ризова – педагог

## ПРИЛОЗИ

## Прилог
## Ментори на Проектни активности и Слободни часови

Во учебната 2018/2019 година во училиштето се реализираа проектни активности во гимназиските паралелки и слободни часови во стручните паралелки.

Табела 1: Проектни активности – гимназиско образование

| Р.б. | Проектни активности | Бр. час | Година | Ментор | Дневник |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Литературни клубови и драмски секции | 6 | I, II, III и IV | Кочо Кочов | I-1,2 II-1, III-1 IV-1,2 |
| 2. | Природни науки: Математика | 1 | I, II, III и IV | Лилјана Дичова | IV-3 |
| 3. | Природни науки: Географија | 3 | I, II, III и IV | Фердинанд Чејков | I-2, II-2, III-2 |
| 4. | Природни науки: Хемија | 1 | I, II, III и IV | Даница Пецова | III-5 |
| 5. | Природни науки: Биологија | 2 | I и III | Богде Коцева | I-4, III-4 |
| 6. | Природни науки: Биологија | 2 | II и IV | Елизабета Иговска | II-4, IV-4 |
| 7. | Природни науки: Физика | 2 | I, II, III и IV | Кристина Крстева | I-4, IV-4 |
| 9. | Природни науки: Информатика | 2 | II и IV | Благородна Лазова | II-5, IV-5 |
| 10. | Природни науки: Информатика | 2 | I и III | Зоран Милевски | I-5 , III-5 |
| 11. | Ликовно-творечки активности | 3 | I, II, III и IV | Ванчо Кеков | I-3, II-3, III-3 |
| 12. | Музички активности Хор и оркестар | 1 | I, II, III и IV | Драган Вељковиќ | II-4 |
| 13. | Спортски проектни активности | 3 | III | Ѓорѓи Велков | III-1, III-2, III-3, III-4 |
| 14. | Спортски проектни активности | 4 | II | Блашко Клинчаров | II-1, II-2, II-3, II-5 |
| 15. | Спортски проектни активности | 4 | I | Илија Шиков | I-1, I-2, I-3 I-4 |
| 16. | Спортски проектни активности | 3 | IV | Тимче Пецов | IV-1, IV-2, IV-3 |
| 17. | Странски јазик: Англиски јазик | 1 | I, II, III и IV | Роска Трајкова | IV-5 |
| 18. | Иновации и претприемништво | 1 | I, II, III и IV | Фердинанд Чејков | I-5 |

Табела 2: Слободни часови – стручно образование
економско – правна и трговска струка
(прво полугодие)

| Р.б. | Слободни часови | Бр. час | Година | Ментор | Дневник |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Урбана култура | 2 | I-7 | Кочо Кочов | I-7 |
| 2. | Урбана култура | 2 | I-6 | Радица Мишова | I-6 |
| 3. | Урбана култура | 4 | II-6 и II-7 | Мики Камчевски | II-6 , II-7 |
| 4. | Урбана култура | 2 | III-7 | Игор Миовски | III-7 |
| 5. | Урбана култура | 2 | III-6 | Елизабета Бошкова | III-6 |
| 6. | Урбана култура | 2 | IV-7 | Александра Амишева | IV-7 |
| 7. | Берзанско работење | 2 | IV-6 | Трајче Тодоровски | IV-6 |

Табела 2.1: Слободни часови – стручно образование
економско – правна и трговска струка
(второ полугодие)

| Р.б. | Слободни часови | Бр. час | Година | Ментор | Дневник |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Урбана култура | 8 | I-6,7 - II-6,7 | Александра Амишева | I-6,7 - II-6,7 |
| 2. | Урбана култура | 2 | III-7 | Игор Миовски | III-7 |
| 3. | Урбана култура | 2 | III-6 | Елизабета Бошкова | III-6 |
| 4. | Урбана култура | 2 | IV-7 | Славе Попов | IV-7 |
| 5. | Берзанско работење | 2 | IV-6 | Трајче Тодоровски | IV-6 |

Од увидот во активностите на менторите на проектните активности во гимназиските паралелки и слободните часови во стручните паралелки, во учебната 2018/2019 година, може да се заклучи дека истите беа успешно и навремено реализирани.

# Прилог
# Раководители на паралелки

Табела 1: Раководители на паралелки за 2018/2019 година

**Прва и Втора година**

| Р.б. | Клас | Раководител на паралелка | Клас | Раководител на паралелка |
|---|---|---|---|---|
| 1. | **I-1** | Илија Шиков | **II-1** | Кочо Кочов |
| 2. | **I-2** | Васка Таневска | **II-2** | Александра Петреска |
| 3. | **I-3** | Магдалена Убавкова | **II-3** | Соња Попова |
| 4. | **I-4** | Зоран Милевски | **II-4** | Драган Вељковиќ |
| 5. | **I-5** | Ристенка Јосифова | **II-5** | Блашко Клинчаров |
| 6. | **I-6** | Васка Петкова | **II-6** | Костадинчо Петров |
| 7. | **I-7** | Александра Ристова | **II-7** | Горан Пановски |

**Трета и Четврта година**

| Р.б. | Клас | Раководител на паралелка | Клас | Раководител на паралелка |
|---|---|---|---|---|
| 1. | **III-1** | Ленча Анѓушева-Чаушева | **IV-1** | Даница Пецова |
| 2. | **III-2** | Богде Коцева | **IV-2** | Анастазија Костова |
| 3. | **III-3** | Гордана Еленова | **IV-3** | Елизабета Иговска |
| 4. | **III-4** | Валентина Димитрова | **IV-4** | Катица Манева |
| 5. | **III-5** | Елизабета Бошкова | **IV-5** | Благородна Лазова |
| 6. | **III-6** | Лоска Давчева | **IV-6** | Наташа Матакова |
| 7. | **III-7** | Слободанка Стојанова | **IV-7** | Славе Попов |

Паралелките означени со броевите 1, 2, 3, 4, и 5 се Гимназиско образование
Паралелките означени со броевите 6 се Економски техничар
Паралелките означени со броевите 7 се Правен техничар

## Прилог
## Стручни активи и одговорни наставници

Табела 1: Стручни активи

| Р.б. | Стручен актив по: | Одговорен наставник |
|---|---|---|
| 1. | **Македонски јазик и литература:**<br><br>Ристенка Јосифова (македонски јазик и литература)<br>Катица Манева (македонски јазик и литература)<br>Гордана Еленова (македонски јазик и литература)<br>Костадин Прокопов (македонски јазик и литература)<br>Кочо Кочов (македонски јазик и литература)<br>Васка Петкова (македонски јазик и литература) | Ристенка Јосифова |
| 2. | **Странски јазици:**<br><br>Ленча Анѓушева-Чаушева (англиски јазик)<br>Роска Трајкова (англиски јазик)<br>Донка Лалкова (англиски јазик)<br>Александра Петреска (англиски јазик)<br>Јасминка Чулева (англиски јазик)<br>Светлана Несторова-Мицев (француски јазик)<br>Анастазија Костова (германски јазик)<br>Васка Таневска (германски јазик)<br>Софија Спанџева (германски јазик)<br>Марјан Алтанџиев (латински јазик)<br>Христинка Косовска (латински јазик) | Христинка Косовска |
| 3. | **Математика и Информатика:**<br><br>Силвана Петкова (математика)<br>Соња Попова (математика)<br>Лилјана Дичова (математика)<br>Фиданка Илова (математика)<br>Нада Сирмевска (математика)<br>Андосија Ристова (информатика)<br>Благородна Лазова (информатика)<br>Зоран Милевски (информатика) | Зоран Милевски |

| | | |
|---|---|---|
| 4. | **<u>Природни науки:</u>**<br><br>Кристина Крстева (физика)<br>Живко Атанасов (физика)<br>Ристе Стојанов (физика)<br>Магдалена Убавкова (хемија)<br>Даница Пецова (хемија)<br>Богде Коцева (биологија)<br>Елизабета Иговска (биологија)<br>Валентина Димитрова (географија)<br>Фердинанд Чејков (географија) | Даница Пецова |
| 5. | **<u>Општествени науки:</u>**<br><br>Славе Попов (социологија)<br>Александра Амишева (социологија)<br>Радица Митрова (социологија)<br>Наташа Матакова (историја)<br>Горан Пановски (историја)<br>Мики Камчевски (историја)<br>Елизабета Бошкова (филозофија, етика)<br>Игор Миовски (филозофија)<br>Душанка Иванова (психологија, деловна психологија)<br>Јасминка Ризова (педагогија) | Елизабета Бошкова |
| 6. | **<u>Економско-правен актив:</u>**<br><br>Трајче Тодоровски (економски предмети)<br>Лоска Давчева (економски предмети)<br>Костадинчо Петров (економски предмети)<br>Жанета Делова (економски предмети)<br>Љубица Станоевска (правни предмети)<br>Слободанка Стојанова (правни предмети)<br>Александра Ристова (правни предмети)<br>Татјана Ралевска (правни предмети) | Љубица Станоевска |
| 7. | **<u>Спорт, музика, ликовно, мир, толеранција и заштита:</u>**<br><br>Блашко Клинчаров (спорт и спортски активности)<br>Тимче Пецов (спорт и спортски активности)<br>Илија Шиков (спорт и спортски активности)<br>Ѓорѓи Велков (спорт и спортски активности)<br>Драган Вељковиќ (музичка уметност)<br>Ванчо Кеков (ликовна уметност)<br>Александар Јорданов (мир, толеранција и заштита) | Тимче Пецов |

## Прилог
## Реализација на настава

Табела 1: Реализација на наставата

| Година | Наставни денови | | Наставни недели | | Наставни часови | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Планирани | Реализирани | Планирани | Реализирани | Планирани | Реализирани |
| **I** | 180 | 180 | 36 | 36 | 7704 | 7457 |
| **II** | 180 | 180 | 36 | 36 | 8852 | 8628 |
| **III** | 180 | 180 | 36 | 36 | 10800 | 10290 |
| **IV** | 166 | 166 | 34 | 34 | 10131 | 9924 |

На ниво на години процентуално реализацијата на наставата е следна:

**ПРВА година 96,79 %**

**ВТОРА година 97,47 %**

**ТРЕТА година 95,28 %**

**ЧЕТВРТА година 97,96 %**

На ниво на училиште процентуално реализацијата на настава изнесува 96,88 %.

Причини за нереализирани наставни часови се: државни празници, верски празници, екскурзии на учениците. Нема нереализирани наставни единици и содржини по наставни предмети.

## Прилог
## Дополнителна настава

Табела 1: Дополнителна настава

| Р.б. | Наставен предмет | Предметен наставник | Број на дополнителни часови |
|---|---|---|---|
| | **Прва година** | | |
| 1. | Македонски јазик и литература | Ристенка Јосифова | 9 |
| 2. | Македонски јазик и литература | Васка Петкова | 5 |
| 3. | Германски јазик | Васка Таневска | 7 |
| 4. | Француски јазик | Светлана Несторовска | 2 |
| 5. | Историја | Горан Пановски | 9 |
| 6. | Хемија | Магдалена Убавкова | 5 |
| 7. | Билогија | Богде Коцева | 8 |
| 8. | Конституционо уредување | Татјана Ралевска | 3 |
| 9. | Основи на право | Љубица Станоевска | 8 |
| 10. | Социологија | Александра Амишева | 3 |
| 11. | Основи на бизнисот | Слободанка Стојанова | 16 |
| | **Вкупно:** | | **75** |
| | **Втора година** | | |
| 1. | Македонски јазик и литература | Васка Петкова | 5 |
| 2. | Француски јазик | Светлана Несторова | 11 |
| 3. | Англиски јазик | Александра Петреска | 8 |
| 4. | Англиски јазик | Анастазија Костова | 2 |
| 5. | Германски јазик | Софија Спанџева | 3 |
| 6 | Латински јазик | Кристина Косовска | 5 |
| 7. | Историја на Македонија | Горан Пановски | 4 |
| 8. | Математика | Соња Попова | 9 |
| 9. | Математика | Фиданка Илова | 7 |
| 10. | Физика | Кристина Крстева | 4 |
| 11. | Информатичка технологија | Благородна Лазова | 5 |
| 12. | Информатика | Благородна Лазова | 4 |
| 13. | Деловно работење | Жанета Делова | 2 |
| 14. | Географија | Валентина Димитрова | 1 |
| 15. | Сметководство | Лоска Давчева | 5 |
| 16. | Историја | Наташа Матакова | 12 |
| 17. | Биологија | Елизабета иговска | 14 |
| 18. | Социологија | Александра Амишева | 3 |
| 19. | Спорт и спортски активности | Блашко Клинчаров | 3 |
| | **Вкупно:** | | **107** |
| | **Трета година** | | |
| 1. | Економија | Жанета Делова | 4 |
| 2. | Англиски јазик | Ленча Анѓушева-Чаушева | 2 |
| 3. | Историја | Наташа Матакова | 6 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 4. | Историја | Мики Камчевски | 10 |
| 5. | Латински јазик | Христинка Косовска | 10 |
| 6. | Биологија | Богде Коцева | 8 |
| 7. | Алгебра | Наде Сирмевска | 2 |
| 8. | Германски јазик | Васка Таневска | 7 |
| 9. | Сметководство | Лоска Давчева | 1 |
| 10. | Хемија | Даница Пецова | 6 |
| 11. | Спорт и спортски активности | Ѓорѓи Велков | 4 |
| 12. | Основи на приватно право | Татјана Ралевска | 2 |
| 13. | Статистика | Жанета Делова | 1 |
| 14. | Географија | Фердинанд Чејков | 5 |
| 15. | Математика | Лилјана Дичова | 1 |
| 16. | Етика | Игор Миовски | 10 |
| 17. | Педагогија | Јасминка Ризова | 3 |
| | **Вкупно:** | | **82** |
| **Р.б.** | **Наставен предмет** | **Предметен наставник** | |
| | **Четврта година** | | |
| 1. | Математика | Фиданка Илова | 6 |
| 2. | Македонски јазик | Катица Манева | 9 |
| 3. | Германски јазик | Анастазија Костова | 2 |
| 4. | Биологија | Елизабета Иговска | 17 |
| 5. | Логика | Елизабета Бошкова | 8 |
| 6. | Филозофија | Елизабета Бошкова | 2 |
| 7. | Хемија | Даница Пецова | 1 |
| 8. | Менаџмент | Жанета Делова | 1 |
| 9. | Програмски јазици | Благородна Лазова | 1 |
| 10. | Физика | Кристина Крстева | 4 |
| 11. | Историја | Мики Камчевски | 6 |
| 12. | Организација | Татјана Ралевска | 3 |
| 13. | Историја | Горан Пановски | 7 |
| 14. | Основи на јавно право | Љубица Станоевска | 4 |
| 15. | Бизнис и претприемништво | Лоска Давчева | 1 |
| 16. | Спорт и спортски активности | Тимче Пецов | 4 |
| | **Вкупно:** | | **76** |
| | **Сè вкупно:** | | **340** |

## Прилог
## Додатна настава

Табела 1: Додатна настава

| Р.б. | Наставен предмет | Предметен наставник | Број на дополнителни часови |
|---|---|---|---|
| | **Прва година** | | |
| 1. | Македонски јазик и литература | Ристенка Јосифова | 4 |
| 2. | Македонски јазик и литература | Васка Петкова | 8 |
| 3. | Германски јазик | Васка Таневска | 12 |
| 4. | Историја | Горан Пановски | 1 |
| 5. | Физика | Живко Атанасов | 1 |
| 6. | Биологија | Богде Коцева | 7 |
| 7. | Биологија | Елизабета Иговска | 14 |
| 8. | Географија | Валентина Димитрова | 19 |
| 9. | Конституционо уредување | Татјана Ралевска | 2 |
| 10. | Основи на правото | Љубица Станоевска | 5 |
| 11. | Образовно рандеву | Богде Коцева | 2 |
| | **Вкупно:** | | **75** |
| | **Втора година** | | |
| 1. | Македонски јазик и литература | Васка Петкова | 5 |
| 2. | Англиски јазик | Александра Петреска | 6 |
| 3. | Германски јазик | Анастазија Костова | 6 |
| 4. | Латински јазик | Христинка Косовска | 5 |
| 5. | Математика | Соња Попова | 16 |
| 6. | Математика | Фиданка Илова | 6 |
| 7. | Информатичка технологија | Благородна Лазова | 4 |
| 8. | Информатика | Благородна Лазова | 3 |
| 9. | Историја | Наташа Матакова | 8 |
| 10. | Историја на Македонија | Горан Пановски | 2 |
| 11. | Образовно рандеву | Лоска Давчева | 3 |
| 12. | Основи на јавно право | Љубица Станоевска | 2 |
| 13. | Спорт и спортски активности | Блашко Клинчаров | 5 |
| 14. | Физика | Кристина Крстева | 4 |
| 15. | Практична настава | Татјана Ралевска | 1 |
| | **Вкупно:** | | **76** |
| | **Трета година** | | |
| 1. | Латински јазик | Христинка Косовска | 10 |
| 2. | Германски јазик | Васка Таневска | 12 |
| 3. | Биологија | Богде Коцева | 6 |
| 4. | Математика | Лилјана Дичова | 3 |
| 5. | Историја | Наташа Матакова | 3 |
| 6. | Историја | Мики Камчевски | 8 |
| 7. | Основи на јавно право | Татјана Ралевска | 1 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 8. | Хемија | Даница Пецова | 9 |
| 9. | Етика | Игор Миовски | 10 |
| 10. | Алгебра | Нада Сирмевска | 4 |
| 11. | Спорт и спортски активности | Ѓорѓи Велков | 5 |
| 12. | Образовно рандеву | Јасминка Ризова | 20 |
| | **Вкупно:** | | **91** |
| **Р.б.** | **Наставен предмет** | **Предметен наставник** | |
| | **Четврта година** | | |
| 1. | Македонски јазик и литература | Катица Манева | 10 |
| 2. | Математика | Фиданка Илова | 25 |
| 3. | Математичка анализа | Соња Попова | 13 |
| 4. | Германски јазик | Анастазија Костова | 6 |
| 5. | Програмски јазици | Благородна Лазова | 4 |
| 6. | Физика | Кристина Крстева | 4 |
| 7. | Лидер во струка | Лоска Давчева | 6 |
| 8. | Лидер во струка | Љубица Станоевска | 4 |
| 9. | Бизнис | Лоска Давчева | 14 |
| 10. | Лидер во струка | Костадинчо Петров | 4 |
| 11. | Основи на јавно право | Слободанка Стојанова | 11 |
| 12. | Основи на јавно право изборен | Љубица Станоевска | 6 |
| 13. | Организација | Татјана Ралевска | 3 |
| 14. | Биологија | Елизабета Иговска | 14 |
| 15. | Историја | Горан Пановски | 1 |
| 16. | Историја | Мики Камчевски | 6 |
| 17. | Менаџмент | Жанета Делова | 1 |
| 18. | Логика | Елизабета Бошкова | 23 |
| 19. | Филозофија | Елизабета Бошкова | 13 |
| 20. | Спорт и спортски активности | Тимче Пецов | 6 |
| | **Вкупно:** | | **180** |
| | **Сè вкупно:** | | **422** |

## Прилог

### Ученици со учества и освоени награди од натпревари во учебната 2018/2019 година

Ученици со учества и освоени награди од натпревари
во учебната 2018/2019 година

| Р.б. | Име и презиме | Клас | Наставен предмет/ Област | Ментор | Ниво на натпревар/ датум/место | Освоена награда/ пофалница |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Дарко Стојчев | 1-1 | Природни науки | ПМФ | Меѓународна олимпијада .12.2018 Боцвана, Јужна Африка | Бронзен медал |

Ученици со учества и освоени награди од натпревари
во учебната 2018/2019 година

| Р.б. | Име и презиме | Клас | Наставен предмет/ Област | Ментор | Ниво на натпревар/ датум/место | Освоена награда/ пофалница |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2. | Мартина Велковиќ | 3-1 | Македонски јазик и литература | Проф. Гордана Еленова | Државен 12.05.2019 Велес | Учество |
| 3. | Александар Стојанов | 2-5 | Македонски јазик и литература | Проф. Кочо Кочов | Регионален 06.04.2019 Неготино | Учество |
| 4. | Мартина Велковиќ | 3-1 | Македонски јазик и литература | Проф. Гордана Еленова | Регионален 06.04.2019 Неготино | 3 место |

Ученици со учества и освоени награди од натпревари
во учебната 2018/2019 година

| Р.б. | Име и презиме | Клас | Наставен предмет/ Област | Ментор | Ниво на натпревар/ датум/место | Освоена награда/ пофалница |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Цветанка Пасинечка | 2-4 | Математика | Проф. Соња Попова | Државен 16.03.2019 Скопје | 3 награда |
| | Михаела Темелкова | 1-5 | Математика | Проф. Силвана Петкова | Регионален 16.02.2019 Валандово | 3 награда |
| | Цветанка Пасинечка<br>Димитар Манчев<br><br>Андонија Тодорова<br>Марија Трачева<br>Димитар Милков<br>Пане Јосифов<br>Пане Досев | 2-4<br>2-3<br><br>2-3<br>2-2<br>2-2<br>2-2<br>2-5 | Математика | Проф. Соња Попова | Регионален 16.02.2019 Валандово | 1 награда<br>2 награда<br><br>Учество<br>Учество<br>Учество<br>Учество<br>Учество |
| | Македонка Бинова | 3-5 | Математика | Проф. Лилјана Дичова | Регионален 16.02.2019 Валандово | Пофалница |
| | Стефан Попов | 4-2 | Математика | Проф. Фиданка Илова | Регионален 16.02.2019 Валандово | Учество |

Ученици со учества и освоени награди од натпревари
во учебната 2018/2019 година

| Р.б. | Име и презиме | Клас | Наставен предмет/ Област | Ментор | Ниво на натпревар/ датум/место | Освоена награда/ пофалница |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Михаела Темелкова<br><br>Симона Темелкова<br>Анастасија Лалкова<br>Фани Јованова<br>Блаже Каракулев | 1-5<br><br>1-4<br>1-4<br>1-4<br>1-5 | Математика | Проф. Силвана Петкова | Општински 26.01.2019 Кавадарци | Пофалница<br><br>Учество<br>Учество<br>Учество<br>Учество |
| | Димитар Манчев<br><br>Андонија Тодорова<br>Марија Трачева<br>Цветанка Пасинечка<br>Димитар Милков<br>Пане Јосифов<br>Пане Досев | 2-2<br><br>2-3<br>2-2<br>2-4<br>2-2<br>2-2<br>2-5 | Математика | Проф. Соња Попова | Општински 26.01.2019 Кавадарци | 1 награда<br><br>2 награда<br>2 награда<br>2 награда<br>3 награда<br>3 награда<br>Пофалница |
| | Македонка Бинова | 3-5 | Математика | Проф. Лилјана Дичова | Општински 26.01.2019 Кавадарци | 3 награда |
| | Стефан Попов | 4-2 | Математика | Проф. Фиданка Илова | Општински 26.01.2019 Кавадарци | 3 награда |

Ученици со учества и освоени награди од натпревари
во учебната 2018/2019 година

| Р.б. | Име и презиме | Клас | Наставен предмет/ Област | Ментор | Ниво на натпревар/ датум/место | Освоена награда/ пофалница |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Стефан Срњаков | 3-1 | Информатика | Проф. Зоран Милевски | Државен 23.03.2019 Скопје | Учество |
| | Блаже Бањански<br>Милан Ангелов<br>Филип Кимов | 2-2<br>4-1<br>4-5 | Информатика | Проф. Благородна Лазова | Државен 23.03.2019 Скопје | Учество |
| | Блаже Бањански<br><br>Димитар Манчев | 2-2<br><br>2-2 | Информатика | Проф. Благородна Лазова | Регионален 08.03.2019 Кавадарци | Пласман за Државен натпревар |
| | Стефан Срњаков | 3-1 | Информатика | Проф. Зоран Милевски | Регионален 08.03.2019 Кавадарци | Пласман за Државен натпревар |
| | Милан Ангелов<br>Филип Кимов | 4-1<br>4-5 | Информатика | Проф. Благородна Лазова | Регионален 08.03.2019 Кавадарци | Пласман за Државен натпревар |
| | Блаже Бањански<br>Димитар Манчев<br><br>Цветанка Псинечка<br>Иван Крстев<br>Ѓоко Ташев<br>Јован Пендев<br>Диме Јанаќиев | 2-2<br>2-2<br><br>2-5<br>2-2<br>2-2<br>2-5<br>2-2 | Информатика | Проф. Благородна Лазова | Училиштен 27.02.2019 Кавадарци | Пласман за Регионален натпревар |
| | Стефан Срњаков | 3-1 | Информатика | Проф. Зоран Милевски | Училиштен 27.02.2019 Кавадарци | Пласман за Регионален натпревар |
| | Милан Ангелов<br>Стефан Ефтимов<br>Филип Кимов | 4-1<br>4-4<br>4-5 | Информатика | Проф. Благородна Лазова | Училиштен 27.02.2019 Кавадарци | Пласман за Регионален натпревар |

## Ученици со учества и освоени награди од натпревари во учебната 2018/2019 година

